Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Изградбата на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со имплементација на предметната документација ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и

стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Просторот кој е предмет на разработка за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, истото е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на предметната документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на проектот не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод, КО Небрегово и КО Присад, Општина Долнени и Општина Прилеп., задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.
- Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:
- Намената и користењето на површините;
- Мрежата на инфраструктура;
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“.

Трасата на електроенергетскиот вод почнува на дел од КП 2022, се издвојува еден крак од предвидената траса на дел од КП 2286 во КО Небрегово, Општина Долнени и завршува на дел од КП 3042/1 во КО Присад, Општина Прилеп.

Должината на трасата на линискиот инфраструктурен објект изнесува 4,9 km.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- **Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето на електро-енергетската инфраструктура влијае врз развојот и разместеноста на производните и услужни дејности. Поставувањето на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ со должина на трасата од 4,9km, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје.**
- **Согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, идниот развој и разместеноста на производните и услужни дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е

заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Шуми и шумско земјиште

– Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

– **Трасата на енергетскиот вод се наоѓа во сливот на акумулацијата Прилепско Езеро**. Во сливот на акумулацијата не се дозволува изведба на активности (сечење на вегетација, изградба на објекти кои може да имаат влијание врз режимот на водотеците и сл.) кои може да ги сменат природните услови поради што би можело да дојде до појава на суводолици, ерозија или лизгање на теренот или промена на протокот на водата на водотеците во сливот.

Енергетика и енергетска инфраструктура

– **Локацијата за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ во КО Небрегово, Општина Долнени и во КО Присад, Општина Прилеп** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
– За електроенергетските корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

– **Реализацијата за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

– Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република С. Македонија.

Домување

– **Иницијативата за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“,** е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република С. Македонија, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

Јавни функции

– **Иницијативата за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“**, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции .

Индустрија

– **Со планскиот и организиран начин на ширење на инфраструктурата и** создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
– **Поставувањето на на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ со должина на трасата од 4,9 km, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.**

Сообраќајна инфраструктура

– **Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

  А3 - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште).
– Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

  Р1312 - (Врска со А3-Крива круша-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р1303).

- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ во КО Небрегово, Општина Долнени и во КО Присад, Општина Прилеп** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод, КО Небрегово и КО Присад, Општина Долнени и Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод, КО Небрегово и КО Присад, Општина Долнени и Општина Прилеп, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[1] на подрачјето на катастарските општини Присад (Општина Прилеп) и Небрегово (Општина Долнени) има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети .**
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, **припаѓа на Пелагониски туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 25 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ во КО Небрегово, Општина Долнени и во КО Присад, Општина Прилеп, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод, КО Небрегово и КО Присад, Општина Долнени и Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини







Легенда:

- Граница на КП
- Детална точка со едноморска висина
- Број на КП
- Детална точка од линија која го дефинира опфатот
- Линија на плански опфат
- Линија на ажурирање
- Имиња на земјени пат
- Канал за одвод на вишок на атмосферски води
- Столбно место од високонапонски електроенергетски воздушен вод
- Објект кој не е евидентиран во катастарот на недвижностите
- Пата за мерење на товарни возила
- Времен/постојан водотек формиран од атмосферски води
- Граница на катастарска општина

7594400

4627800

ДОЛЖИНА НА ТРАСА Л=4.9КМ

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ - 20КВ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОД И ПРИДРУЖНИ ТРАФОСТАНИЦИ ТС10.5/21/0.42 КВ СО ТРАСА ОД ПОСТОЕН 10КВ ДАЛЕКУВОД ЗА РУДНИК СИВЕЦ ДО РУДНИК ЗА МЕРМЕР "ВОЛОСТОНЕ" КО ПРИСАД, ОПШТИНА ПРИЛЕП И КО НЕБРЕГОВО, ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

ДОЛЖИНА НА ТРАСА Л=4.9КМ

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ПЛАНСКО - ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

М = 1:2500

Снегар Компани доел ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА	**лиценца бр. 0045**	
	управител: дипл Вера Снегар	
	размер: 1:2500	
предмет: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - 20кв електроенергетски вод и придружни трафостаници тс10.5/21/0.42 кв со трасе од постоен 10кв далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер "Волостоне" ко Присад, Општина Прилеп и ко Небрегово, општина Долнени	**нарачател:** "ВОЛОСТОНЕ ДОО Скопје	
цртеж содржина: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	**фаза:** УП	**дата:** 06. 2022
планери: дипл Игор Снегар лиценцирани бр. 0.0482 Дарко Ангелески м.и.а лиценцирани бр. 0.0072	**тех. бр.** 10/21	**лист бр.** 05

Република Северна Македонија

Министерство за транспорт и врски

Сектор за уредување на просторот

26 јули 2022

Архивски број: 21–2705/6

П О Т В Р Д А

Се потврдува одобрување од урбанистички аспект на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - 20 KV електроенергетски вод и придружни трафостаници - ТС 10.5 (21)/0.42KV со траса од постоен 10 KV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер "Волостоне" КО Присад, Општина Прилеп и КО Небрегово , Општина Долнени,** изработена од Друштво за проектирање и градба СНЕГАР КОМПАНИ ДООЕЛ Охрид со технички број 10/21 од јуни 2022 година, и број на постапка во е-урбанизам 42634 врз основа на Предлогот за одобрување на Проектна програма од Комисијата за урбанизам бр.21-2705/5 од 15.07.2022 година.

(се наведува видот на документација и техничкиот број)

Друштво за проектирање и градба СНЕГАР КОМПАНИ ДООЕЛ Охрид

(се наведува изработувачот на документацијата)

Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план кои спаѓаат во прва категорија на градби е доставена преку информацискиот систем е-урбанизам.

(се наведува видот на документацијата)

Барање бр. **21-2705/1 од 27.04.2022 година**.

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

Министер
Благој Бочварски

Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

ВОВЕД

Предмет за изработка е **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - 20 KV електроенергетски вод и придружни трафостници ТС 10.5 (21)/0.42kV со траса од постоен 10 КВ далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ КО Присад, Општина Прилеп и КО Небрегово, општина Долнени.**

Основа за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план ќе се издадените Услови за планирање на просторот со тех.бр. **Y16421** од септември 2021 год. изработени од Агенцијата за планирање на просторот, а кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, односно Решението за Услови за планирање на просторот од Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање арх. бр. УП 1-15 1305/2021 од 09.09.2021 година.

Проектот ќе се изработи врз основа методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ.бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на Р.С.М.бр. 225/20, 219/21,104/22), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ, бр.142/15) и Законот за градење (Сл. Весник на РМ со бр. 130/09, 124/10,18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 39/16 ,71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Сл весник на РСМ бр.244/19 и 18/20).

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, се изработува врз основа на членот 58 став (6), од Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ.бр. 32/20) согласно кој е дадена можност инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови и тоа на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно Законот за урбанистичко планирање.За потребите на нарачателот Волостоне ДОО Скопје се пристапува кон изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - 20 KV електроенергетски вод и придружни трафостници ТС 10.5 (21)/0.42kV со траса од постоен 10 КВ далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ КО Присад, Општина Прилеп и КО Небрегово, општина Долнени

.

Урбанистичкиот проект се изработува врз база на:

- Условите за планирање од Просторниот план на РМ

- Геодетски елаборати за геодетски работи за посебни намени - изработка на ажурирани геодетски подлоги од страна на ГЕОИНФОРМАТИКА ДООЕЛ увоз-извоз бр. 08-023-4/2021 од 19.06.2021 год.
- Теренско снимање од страна на овластени стручни лица**;**
- Проектна програма за изработка на УП;
- Податоци, информации и Мислења добиени од органи на државната управа и други субјекти.
- Идеен проект

ЦЕЛИ

Планот како основен документ за развој, има крајна цел да ги утврди параметрите кои се потребни за издавање услови за изградба и да ги даде насоките за изработка на Основни проекти за истите. Крајната цел се остварува преку:

- заштита на јавниот интерес и сопственичкото право
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- оформување амбиентални целини
- почитување на пејсажните вредности
- вградување мерки за заштита и спасување;
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето

Со изготвување на овој Урбанистички проект се поддржува основната стратегија во организација и користење на просторот, во смисла на развојот на инфраструктурните системи, при што се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина.

МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на Урбанистичкиот проект се Условите за планирање произлезени од Просторниот План на РМ и Проектната програма.

Урбанистичкиот проект ќе се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ.бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на Р.С.М.бр. 225/20, 219/21,104/22), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ, бр.142/15) и Законот за градење (Сл. Весник на РМ со бр. 130/09, 124/10,18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 39/16 ,71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Сл весник на РСМ бр.244/19 и 18/20)

1. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р.М.

Во Условите за планирање, произлезени од Просторниот План на Р.М. еден од приоритетите е заштитата на земјоделското земјиште, односно ограничувањето на трансформацијата на земјиштето од од I - IV класа во неземјоделско, како и заштитата на животната средина.
Условите за планирање, произлезени од Просторниот План на Р.М. се прилог на овој Урбанистички проект.

2. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И ГРАНИЦА НА ОПФАТ

Предлог трасата за изградба на линиски инфраструктурен објект - 20 KV електроенергетски вод во овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, се наоѓа во КО Присад, општина Прилеп во најголем дел и со многу мал дел е во КО Небрегово ,општина Долнени покрај постоен пристапен некатегоризиран земјен пат, изведен за потребите за експлоатација на рудникот Сивец (во непосредна близина на Регионалниот пат Р 1312 врска со А3 Крива круша – Велес – Извор – Прилеп (врска со Р 1303), стар Р 526С).
Трасата на електроенергетскиот вод почнува на дел од КП 2022, се издвојува еден крак од предвидената траса на дел од КП 2286 во КО Небрегово, Општина Долнени и завршува на дел од КП 3042/1 во КО Присад, Општина Прилеп.
Должината на трасата на линискиот инфраструктурен објект изнесува Л =4.74 км.

Границата на проектниот опфат ја зафаќа целата површина на коридорот на далеководот и може да се опише преку координатите на најистурените точки, како што следи:

Најзападни се точките со координати X =7 548545.51 и Y = 4 587719.97;
Најсеверни се точките со координати X = 7 548553.24 и Y = 4 587726.32;
Најисточна е точката со координати X = 7 551078.41 и Y = 4 585620.79;
Најјужна е точката со координати X = 7 550993.39 и Y = 4 585602.29;
Границата на проектниот опфат е соодветно прикажана во графичките прилози.
Површината на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 48 206.94 m²или 4.8 ха(Л=4.74км).
Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 65 и за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

1. X=7548896.518 Y=4587440.936
2. X=7549033.912 Y=4587404.916
3. X=7549147.527 Y=4587330.480

4. X=7549453.811 Y=4587300.785
5. X=7549738.988 Y=4587444.415
6. X=7550115.095 Y=4587420.492
7. X=7550472.552 Y=4587259.402
8. X=7550647.611 Y=4586943.796
9. X=7550542.246 Y=4586499.317
10. X=7550834.923 Y=4586150.710
11. X=7550835.081 Y=4585999.638
12. X=7550788.031 Y=4585865.892
13. X=7550850.805 Y=4585696.684
14. X=7550993.388 Y=4585602.290
15. X=7550995.285 Y=4585605.156
16. X=7551011.975 Y=4585610.154
17. X=7551011.975 Y=4585609.198
18. X=7551016.975 Y=4585609.198
19. X=7551016.975 Y=4585610.186
20. X=7551078.585 Y=4585619.666
21. X=7551078.281 Y=4585621.643
22. X=7551016.975 Y=4585612.209
23. X=7551016.975 Y=4585613.198
24. X=7551011.975 Y=4585613.198
25. X=7551011.975 Y=4585612.241
26. X=7550997.009 Y=4585607.760
27. X=7550998.908 Y=4585610.629

28. X=7550859.046 Y=4585703.221
29. X=7550798.657 Y=4585865.999
30. X=7550845.081 Y=4585997.967
31. X=7550844.918 Y=4586154.357
32. X=7550553.127 Y=4586501.865
33. X=7550658.245 Y=4586945.302
34. X=7550479.683 Y=4587267.163
35. X=7550117.544 Y=4587430.357
36. X=7549736.922 Y=4587454.566
37. X=7549451.849 Y=4587310.982
38. X=7549150.966 Y=4587340.182
39. X=7549038.026 Y=4587414.176
40. X=7548897.260 Y=4587451.079
41. X=7548789.763 Y=4587439.191
42. X=7548779.013 Y=4587452.275
43. X=7548773.845 Y=4587458.533
44. X=7548703.700 Y=4587543.468
45. X=7548641.409 Y=4587618.807
46. X=7548585.992 Y=4587686.265
47. X=7548585.644 Y=4587686.677
48. X=7548579.734 Y=4587693.797
49. X=7548553.239 Y=4587726.324
50. X=7548545.514 Y=4587719.973
51. X=7548570.748 Y=4587688.995

52. X=7548577.766 Y=4587680.512
53. X=7548615.740 Y=4587634.270
54. X=7548641.404 Y=4587603.195
55. X=7548667.068 Y=4587572.121
56. X=7548766.454 Y=4587451.778
57. X=7548771.295 Y=4587445.917
58. X=7548779.243 Y=4587436.244
59. X=7548727.980 Y=4587357.492
60. X=7548789.872 Y=4587200.829
61. X=7549107.359 Y=4586849.966
62. X=7549114.384 Y=4586857.083
63. X=7548798.505 Y=4587206.193
64. X=7548739.169 Y=4587356.388
65. X=7548786.294 Y=4587428.746

Катастастрски парцели кои влегуваат во овој опфат се:

дел од (КП 2022, КП 2056/5, КП 2056/4, КП 2056/3, КП 2056/2, КП 2056/1, КП 2064, КП 2065, КП 3022, КП 2186, КП 2185, КП 2175, КП 2078, КП 2079, КП 2080, КП 2081, КП 2082, КП 2085, КП 1942, КП 1941, КП 1938, КП 1934, КП 1935, КП 1937, КП 1929, КП 1910, КП 1928, КП 1927, КП 3013, КП 3043, КП 1103, КП 1102/2, КП 1102/1, КП 1100, КП 1074, КП 1073, КП 1071, КП 1070, КП 1069, КП 1066, КП 1065, КП 1055, КП 1058, КП 1059, КП 608, КП 1060, КП 591, КП 592, КП 593, КП 594, КП 562, КП 560, КП 558, КП 552, КП 547, КП 2286, КП 3042/1).

3.ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА И ОСВРТ ВРЗ ДОНЕСЕНИТЕ ПЛАНОВИ

3.1 Хронологија на планирање на просторот

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови, а со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот за живеење и работа како и да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина и природата. Врз основа на Законот за Урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ.бр. 32/20) планирањето на просторот оди од

повисок ранг на планирање (Просторен План на РМ, Просторен план на региони, општини или подрачје од посебен интерес) према понизок, како што е Генерален урбанистички план за градовите или населените места, како седиште на општините, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и со изработка на Детални урбанистички планови за одредени плански опфати каде има ГУП, или УП за подрачје и градби од државно значење, се со цел да се добијат дефинирани услови за планирање и градба на одредени објекти во просторот.

За овој опфат за кој се изработува овој Урбанистички план , досега нема изработено или донесено никаква планска документација со која би се регулирала и планирала изградбата на објектите и комуналната инфраструктура во него. Пред повеќе од 24 години (1985година) е изработен Просторен План на Општина Прилеп.

Просторен план на Република Македонија -
донесен на 11.06.2004 година, како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.
За проектниот опфат за кој се изработува овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, досега не е изработено или донесено никаква планска документација со која би се регулирала и планирала изградбата на 20 KV електроенергетски вод со траса од постоен 10 КВ далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне“ КО Присад, Општина Прилеп и КО Небрегово, општина Долнени.
Со добиените Услови за планирање на просторот со тех.бр. **Y16421** од септември 2021 год. изработени од Агенцијата за планирање на просторот, а кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, односно Решението за Услови за планирање на просторот од Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање арх. бр. УП 1-15 1305/2021 од 09.09.2021 година, е утврдена основната намена на просторот и другите развојни можности на просторот и пошироко, според кој ќе се изработи и оваа проектна документација.

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА ОД АСПЕКТ НА ПРИРОДНИ И СОЗДАДЕНИ ЧИНИТЕЛИ

Природни карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје преставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат геогрфската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Предмениот опфат се ноѓа североисточно од населеното место Прилеп.
Планскиот опфат е расположен на терен со незначителен благ пад поради големата должина на проектниот опфат и тоа - на западната страна од опфатот

најсеверната точка е на 849.130мнв а на јужната страна е на 976.060мнв, на источната страна од опфатот најсеверната точка е на 1001.88мнв додека најужната точка е на 828.450мнв.

4.1. природни фактори

Општина Прилеп го зафаќа централниот дел на РМ, поточно североисточ-ниот дел од Пелагониската котлина, дел од Раечката котлина и поголемиот дел од Мариово. Територијата на Општина Прилеп се простира од падините на планината Бабуна, Прилепското поле, преку Селечка Планина до планините Ниџе и Козјак према македонско-грчката граница. Концесискиот опфат за користење на мермер се наоѓа во северо-источниот дел на Општината и е опкружен со планинските масиви од североисток со падините на планината Козјак, од исток со Селечка планина, од запад со планинските топоними (врвови) Скрка, Ридон и Главица. Разбранетиот рељеф испресечен со суводолици и стрмни падини е главната одлика на опкружувањето на проектиот опфат, додека опфатот е лоциран во непоредна близина на село Присад на надморска висина од 828.450мнв - 1001.88мнв.

Што се однесува до носивоста на почвата, нивото на подземните води и стабилноста на теренот, може слободно да се кажи дека постојниот терен има добра носивост (песковито глинеста црвеница) и даваат услови за економична градба на објектите, а во одредени зони и отежнати услови за работа. Нивото на подземните води во овај дел се релативно ниски.

4.2. сеизмика на просторот

Врз основа на досегашните испитувања и микросеизмичката реонизација на територијата на РМ, очекуваните максимални земјотреси од локални или далечински жаришта, во рамките на градот, односно во тој дел на општината и во планскиот опфат ќе се манифестираат со епицентрален интезитет до VII ^{o} според МКС скала. Конкретно за градот Прилеп и неговата поширока територија не се правени микросеизмички испитувања.

4.3. климатски услови

Климатските карактеристики во Општината Прилеп се дефинирани како :

КЛИМА*:* Во овој предел владее умерено-континентална клима, со просечна годишна температура од 11.1°C, односно просечен годишен максимум 16.6°C и годишен просечен минимум 6.1°C. Годишнати амплитуда изнеснесува 21.8°C, додека разликат меѓу апсолутниот максимум (39.4°C) и апсолутниот минимум (-22.4°C) изнесува 61.8°C. Просечната годишна сума на сончевиот сјај изнесува 2300.7 саати. Просечна релативна влажност на воздухот изнесува 68%, што е прилично блиску до оптималната (70%).

ВРНЕЖИ*:* Карактеристичен е медитеранскиот плувијален режим. Просечна годишна сума на атмосверскиот талог изнесува 551,5мм, со големи осцилции во поедини години(од 138мм до 712мм) и со неравномерна распореденост во текот на годината. Просечно годишно има 33 денови со снежна покривка, а 150 дена трае мразниот период.

МАГЛА*:* Просечно годишно има 12 дена со магла, 93 ведри денови, 183 облачни и 89 тмурни.

ВЕТРОВИ*:* Подрачјето се смета за добро проветрено, со најголема зачестеност на ветровите од североисточен правец од 258‰ и прросечна брзина од 3,7м/s, југозападниот ветер со честина од 112‰, јужниот 55‰ западниот 38‰ северниот 37‰ исток 32‰ северозапад 17‰ и североисток 13‰.

Предметниот опфат припаѓа на водостопанското подрачје ,,Средна и Долна Црна Река,, кое го опфаќа сливот на Црна река од водомерниот профил ,,Скочивир,, до вливот на Црна река во реката Вардар.

Подземните води - аквифери формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактерис-тики на просторот. Овие води поради посебниот квантитет и квалитет се значајни и можат бидат корисни за задоволување на потребите од вода, за што треба да се направат дополнителни истражувања.

За подмирување на потребите од вода најзначајни се површинските води, бидејќи тие се најраспространети, најблиски се до местата на човековата активност, обезбедуваат живот и развој на екосистемот и ги одведуваат употребените и отпадните води.

Потребната количина на вода се обезбедува од расположливите ресурси - изворите, површинските и подземните води, преку постоечките како и преку изградба на нови зафати. Во планскиот опфат обезбедувањето на потребните количини вода ќе биди исклучиво од сопствени извори, од каде ќе се обезбедат квалитетно и економично водоснабдување со санитарна, технолошка и ПП вода.

Заштитата на животната средина преку системот за одбрана од поплави и големи води е неделив со системите за одводнување. Дел од отворениот канал-суводолица кој поминува низ планскиот опфат потребно е да се регулира и истиот ќе ги прифаќа површинските и атмосферските води. Останатите одводни канали покрај локалниот пат треба да се одржува од депонирање на отпаден материјал.

4.4. культурно наследство

Во планскиот опфат, према податоците од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, а врз основа на Експертен елаборат за заштита на културното наследство од посебно значење има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитеи.

Согласно барањето за ПОДАТОЦИ И ИНФОРМЦИИ од надлежна институција Министерство за култура Управа за заштита на културното наследство стои:

- ***Во Известувањето за податоци и информации од Министерство за култура Управа за заштита на културното наследство, бр.08-2496/2 од 07.12.2021год.*** констатира дека :
  " во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се предпоставува дека претставуваат културно наследсво .
  Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети(целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р.Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на РМ" бр.20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19)".

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

2.1.Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура во рамките на проектниот опфат

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место - теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци.

- При инвентаризација на лице место е утврдено дека во проектниот опфат нема изградени објекти освен постојниот столб -почетна точка столб бр.0 од постојниот далновод за рудникот Сивец сопственост на ЕВН - Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје .
  Почетна точка столб бр.0.....1
  Други содржини не се евидентирани.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ-пост. Состојба	
НАМЕНА НА ГРАДБА	ПОВРШИНА (М2)
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	43940.74
ПОСТОЈНИ ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА	3914.14
КП-ПАТИШТА	351.66
ПРИКЛУЧНА ТОЧКА-НОСИВ СТОЛБ	0.4
ВКУПНО ОПФАТ:	**48206.54**

- *Врз основа на* ***Известувањето за податоци и информации од Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина - Сектор природа, арх.бр. 11-5581 од 14.12.2021год.*** е констатирано дека:
  " предметниот опфат се наоѓа надвор од границите на заштитени подрачја утврдени со закон ".
- ***Во Известувањето за податоци и информации од Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина - Сектор води, арх.бр. 11-5577 од 24.12.2021год.*** е утврдено дека предметната локација е надвор од границите на заштитените подрчја во РСМакедонија и е надвор од рамките на предвидените акомулации согласно Водостопанската основа од Просторниот план на РМ 2002-2020г, а притоа опфаќа еден непостојан водотек; дел од планскиот опфат се наоѓа во близина на експлоатациони бунари и извори за водоснабдување на град Прилеп.
  Од тие причини, во согласност со Законот за водите за да не дојде до нарушување на режимот на водите, при изработка на проектна документација потребно е да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите :

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издаден врз основа на закон, изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта, нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци,

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди , прилагодени на научно техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;

Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува :

– да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите, и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите;

-да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање;
– да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение;
– изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
– да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10м од надворешната страна на ножицата на насипот.

- Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или

Штетата предизвикана од *Изведувачот* ќе се поправи на начин утврден од страна на *Надзорот*. Оштетување е било каков деформитет на површината на проводникот кој може да се открие со око или со допир. Оштетувањето вклучува, но не е ограничено на засеци, гребнатинки, нагризувања, птичји кафез и извадени и прекршени жици.

Зависно од тежината на оштетувањето и должината на оштетениот дел, поправката треба да се изврши со внимателно измазнување со екстра фина шмиргла, покривање со претходно направени цевчиња, инсталирање на компресиони спојки, или со сечење и плетење на жиците..

Изведувачот ќе ги монтира сите проводници со соодветни провеси и напрегања, чии вредности се наведени во монтажните табели дадени во овој проект.

Изведувачот ќе го извести *Надзорот* најмалку дваесет и четири часа пред планираното затегнување на проводниците.

Кога конечно ќе се прилагодат провесите на проводниците, истите треба да се проверат со визир летви или други прифатени методи.

Проводниците ќе бидат фиксирани на овесната опрема од страна на *Изведувачот* откако *Надзорот* ќе ја прифати целата операција како целосно усогласена со спецификациите и податоците од монтажните табели.

6. Ископ на ров за полагање на кабел

Изведувачот ќе започне со ископ на ровот откако ќе ја прими исколчената траса од страна на *Работодавачот*.

*Изведувачо*т треба да користи соодветна опрема за ископување и да обезбеди дека потребните димензии на ископување се одржуваат во секое време во согласност со димензиите на ровот прикажани на цртежот од поглавјето графичка документација. Во случај, кога длабочината на ровот мора да се разликува од дадената во цртежите, мора да се добие согласност од *Надзорниот инжинер.*

Дното на ровот треба да биде равно и без падната почва, карпи, остатоци, органски материјал, вода, мраз или непожелен материјал што може да ги оштети каблите. *Изведувачот* е одговорен за сите трошоци поврзани со отстранување на целиот неупотреблив материјал за повторно полнење. Во случај ако снегот или водата се акумулираат во ровот, тој ќе се отстрани пред почетокот на работата.

Рововите не треба да се оставаат отворени подолго од четириесет и осум (48) часа без дозвола од *Надзорниот инжинер*. Преминните преку патишта несмеат да бидат оставени отворени преку ноќ и мора да бидат заштитени.

7 . Полагање на кабелот со изработка на кабловски завршници

Кабелот се положува така да биде во средината на слојот на постелицата со дебелина од 0,2 m, која се става на дното од кабелскиот ров. За постелица се користи мешавина на песок кој има добри карактеристики на одведување на топлината. Во случај во кабелскиот ров да има камчиња или слични отпадоци кои можат да го оштетат, тогаш се зголемува дебелината на постелица од песок врз која се става кабелот и врз него се става нов слој од песок со дебелинаод 0,35 m. Енергетскиот кабел се полага рачно или со употреба на механизација. Полагањето на кабелот во ров обично се прави од барабан кој подвижно е наместен на посебни ногари или специјално возило. Кабелот од барабанот се повлекува рачно. Влечењето на каблите, при положување, не треба да предизвика линеарно издолжување на проводниците поголемо од дозволеното од 0,2%. Затезната сила на влечење се контролира со динамометар, а витлото мора да има граничник (осигурувач) кој го прекинува влечењето во случај да се пречекори дозволената сила на влечење. За смалување на силата на влечење се користат кабелски ролни (цилиндри) кои се поставуваат на растојание од 2 m до 3 m. Радиусите на свиткување, при положување на енергетскиот кабел, не смеат да бидат помали од 15D, каде што D е надворешен дијаметар на кабелот (мм).

По положувањето на кабелот пред потполно затрупување на кабелот, потребно е да се изврши напонско испитување на кабелот и да се сними вистинската траса на кабелскиот вод. Краевите на кабелот се обележуваат со пластични маркери на кои се испишани основните податоци за кабелот и изводот. Не смее маркерите да се ставаат на жилите од кабелот туку исклучиво на кабелот.

При полагање на кабелот по целата должина на ископот (каналот) под предупредувачката лента, се полага поцинкувана трака (40x4 мм). При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот долж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента: Пластичната предупредувачка лента е со црвена боја со втиснат натпис за внимателност, ширината на траката треба да биде околу 10cm, а квалитетот на материјалот треба да гарантира век на траење од околу 30 години

Кабелскиот прибор служи за затворање на краевите на кабелот за да се спречи продирањето на влага, што се остварува со помош на кабловски завршници (глави) за внатрешна и надворешна монтажа. За среднонапонските кабли се препорачува да се користат кабловски спојници и завршници од топлособирачки, ладнособирачки или префабрикувани елементи. Кабловската завршница на среднонапонскиот кабел мора да има прибор за едноставно приклучување на металниот плашт и арматурата, односно електричната заштита на кабелот, на заземјувачот на трасформаторкста станица или столбот. За поврзување на кабелот краевите од кабелот се опремуваат со каблосвски завршетоци за надворешна монтажа за едножилен кабел, за пресек 70-240 mm2, 12/20 kV. Поради што каблите се од типот NA2XS2Y, предвидена е набавка и монтажа на кабловски завршетоци за надворешна монтажа за едножилен кабел, за пресек 70-240mm2, 12/20 kV, тип: OXSU-F 5131 – Raychem или идентични од друг производител.

По полагањето, изработката на кабелските завршници, напонското испитување на комплетниот кабелски вод и затрупувањето, кабелската траса се доведува во првобитна состојба т.е вишокот на земја се одвезува на планирано место, се поправаат и алсфатираат сообраќајниците и т.н.

8 . Монтажа на разводната постројка

Разводната постројка која е од блиндиран тип, се испорачува како готов производ од производителот. Местото каде треба да се постави се изравнува, нивелира и посипува со слој на чакал од 10см, на површина со димензии 5x5 m. Разводната постројка се истоварува со кран и дирекно се поставува на претходно припремената подлога. Високонапонските

ќелии, се исто така фабричен готов производ, кој се монтираат во високонапонскиот дел од разводната постројка

В.2.4.7 Барања во однос на материјалите

1. Столбови

Обем

Оваа спецификација ги утврдува минималните барања за бетонските столбови прифатливи за употреба за рехабилитација на постоечкиот надземнен далновод за вентилската станица U-390 и тоа е одговорност на *Изведувачот* да обезбеди адекватно придржување кон оваа спецификација и важечките стандарди и прописи

Столбови

Следниве типови на столбови се предвидени за рехабилитација на надземниот вод:

- ✓ ВН 1050 – А340 12m – Аголно-затезни столбови со сила на врв од 1050daN, со триаголен распоред на спроводници.
- ✓ ВН 315 – Н 12,13 и14m – Носечки столбови со сила на врв од 315daN,) со триаголен распоред на спроводници.
- ✓ ВН 1520 - А360 – 12,13 m - Аголно-затезни столбови со сила на врв од 1520daN, со триаголен распоред на спроводници
- ✓ ВН 2250 - А360 – 12,13 m - Аголно-затезни столбови со сила на врв од 2250daN, со триаголен распоред на спроводници

Во делот со графички прилози, (Цртеж бр. 34 и бр. 35 даден е изглед (силуета), димензии и табели на сили за предложениот центрифугиран, армирано-бетонски столб од производната програма на "Карпош" АД Скопје.

Прифатливи се и центрифугални армирано-бетонски столбови од други реномирани производители, доколку ги исполнуваат пропишаните норми и стандарди на ЕВН - Македонија АД Скопје.

Основните карактеристики на столбовите прогласени од производителот "Карпош" АД Скопје се дадени во следната табела:

Столбови со триаголен распоред на спроводници						
Тип на столб		ВН 315-Н	ВН 1520-Аз60	ВН 2250-А360	ВН 1050-А340	ВН 1520-А350

Номинален напон	$[kV]$	10(20) kV	10(20) kV	10(20) kV	10(20) kV	10(20) kV
Спроводници		70-AL1/11-ST1A (Al/Fe-70/12 mm^2)			48-AL1/8-ST1A (Al/Fe-50/8 mm^2)	
Напрегање на спроводници	$[daN/mm^2]$	9, 0	9, 0	9, 0	9, 0	9, 0
Гравитационен распон	$[m]$	200	180	180	230	230
Среден распон	$[m]$	150	150	200	140	140
Притисок на ветар	$[daN/m^2]$	60	60	60	60	60
Коеф. на н.з.д.т.		1	1	1	1	1
Агол на скршнување	$[°]$	0 (180)	40 (140-180)	60 (120-150)	40 (140-180)	60 (120-150)
Сила на врв	$[daN]$	315	1520	2250	1050	1520

Забелешка: Табелата го дава максималниот напречен пресек на спроводници што може да го носат наведените столбови

Новите аголно-затезни столбови треба да бидат ориентирани на начин, така што оската на конзолата е во согласност со симетралата на аголот на надземниот вод.

Новите носиви столбови треба да бидат ориентирани на начин на кој оската на конзолата е попречно поставена во однос на трасата на водот.

Стандарди

Бетонските столбови треба да бидат усогласен во секој поглед со барањата утврдени во стандардите наведени подолу:

- ✓ МКС EN 12843
- ✓ МКС EN 13369
- ✓ МКС EN 13670
- ✓ МКС EN 10080
- ✓ МКС EN 12620
- ✓ МКС EN 50341-1

Материјали и конструкција

Новите столбови се предвидени да бидат изградени како армирано-бетонски центрифугирани столбови.

Центрифугираните столбови се испорачуваат во форма на конус, со прстенест пресек што е варијабилен и истиот треба да биде во согласност со горенаведените стандарди и треба да биде така избран за да одговара на наменетата апликација. Во согласност со МКС ЕН 12620,

агрегатите што се користат во производството на столбот треба да бидат ослободени од кал и привржан слој и без штетни количини на дезинтегрирани парчиња, алкали, растителна материја и други штетни материи. Колку што е можно, треба да се избегнуваат необични и издолжени парчиња. Површината на целото армирање треба да биде ослободена од масло, маст, глина или друг материјал што може да има штетен ефект врз врската помеѓу арматурата и бетонот.

Составот на мешавината, мешањето и набивањето на бетонот треба да биде такво што потребната цврстина на столбот се добива по стврднување во согласност со МКС EN 206. Бетонот треба да се набива со центрифугирање. Не е дозволено рачно набивање. Готовиот столб треба да има мазна надворешна површина што е без пукнатини и дефекти.

Потребни тестови

По производството, тестови треба да се направат во производниот погон на производителот и тие вклучуваат:

- ✓ Визуелна инспекција (за дефекти, финиш и сл.)
- ✓ Отпорност на оптоварување
- ✓ Верификација на димензиите
- ✓ Дозволено крајно оптоварување
- ✓ Проверка на отпорноста помеѓу приклучните точки за заземјување

Изведувачот ќе ги достави комплетни извештаи за тестирање на столбовите до Надзорот за одобрување пред монтирањетso.

Копии од издадени сертификати за испитување на тип и извештаи за тестирање издадени од независна тест лабораторија која е акредитирана на ISO / IEC 17025, исто така, треба да се поднесат од Изведувачот.

Изјава за усогласеност на производителот со референтните стандарди и копии од сертификати за управување со квалитет, вклучувајќи и копија од валиден и релевантен сертификат ISO 9001: 2008, се доставуваат со горенаведените документи.

Животна средина

Перформансите на опремата мора да ги исполнуваат барањата утврдени во Поглавје B.2.5.

Обележување

Секој бетонски столб ќе биде обележан трајно со втиснување во плочка отпорна на корозија на висина 1.5m над земјата со следниве детали

.

- ✓ Име на производителот
- ✓ Датум на производство (м / год.)
- ✓ Должина на столб (метри)

- ✓ Работно оптоварување / Сила на врв
- ✓ Тип н астолб
- ✓ Тежина на столб
- ✓ Стандард со кој столбот е усогласен

Пакување и транспорт

Подигнувањето и истоварувањето на столбовите се врши без удари и потреси со кран, со фиксирање со јажиња или сајли. Преносот на столбот треба да се врши со универзално моторно возило, чиј капацитет на носивост и надворешни димензии соодветствуваат на масата и димензиите на столбовите.

Столбовите треба да се полагаат во максимум два реда при транспорт со товарно моторно возило, односно во четири реда при транспортот со товарен воз. Парче од дрво се поставува меѓу редовите (или друг вештачки материјал), така што столбовите се редат еден над друг. Овие парчиња дрво не дозволуваат допирање меѓу столбовите.

Складирањето на столбовите се прави на отворено, со редење во редови.

2. Изолација

Обем

Оваа спецификација ги поставува техничките (електрични и механички) барања за перформансите, тестирањето и испораката на среднонапонски композитни изолатори кои треба да се користат за рехабилитација на постојниот 10 kV надземен далновод.

. **Изолатори**

Се планира да се користат композитни изолатори од вештачки материјал како изолација. За носивите столбови треба да се користат линиски потпорни изолатори и стапен изолатор (долг композитен изолатор 20 kV Око - Око) за аголно-затезните столбови.. Дизајнот на изолацијата изработен во Основниот проект е во согласно со **Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови**. Во однос на механичките и електричните карактеристики на изолацијата, очигледно е дека предвидената изолација ги исполнува (механички и електрични) барањата од **Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови** и соодветните стандарди.

Основните електромеханички карактеристики на предложените изолатори се прикажани во следните табели:

Композитен потпорен изолатор 20 kV за надземни водови

Минималната сила на кршење со свивање (SCL)	8 kN
Максимално работно оптоварување на свивање	4,8 kN
Минимална должина на ползна патека	600 mm
Боја	сино-сива
Висина на изолаторот	305 mm +5/-2 mm
Минимален број на шешири	5
Номинален напон	24KV
Подносив напон со индустриска фреквенција	65KV
Подносив ударен импулсен напон	135KV
Стандард	IEC 61109

Долг композитен стапест изолатор 20 kV око–око за надземни водови	
Специфично механичко оптоварување (SML}	70 kN
Минимална должина на ползна патека	600 mm
Боја	blue-gray
Висина на изолаторот	380 mm +5/-5 mm
Минимален број на шешири	6
Номиналем напон	24KV
Подносив напон со индустриска фреквенција	110KV
Подносив ударен импулсен напон	195KV
Стандард	IEC 466-1

Обликот и димензиите на изолаторите се дадени во соодветен цртеж во делот со графички прилози. (Цртеж бр. 17,19 и20.)

Стандарди

Карактеристиките на предвидените композитни изолатори за надземни водови со наизменичен напон поголем од 1000 V за надземни водови со номинален напон поголем од 1000 V, во однос на нивните димензии, на начинот на нивното поврзување и на начинот на нивното тестирање треба да бидат во согласност со стандардот МКС EN 61109 и МКС EN 61466-Дел 1, додека металните делови во предвидените стапни изолатори треба да се

направат во согласност со стандардот IEC EN 61466-Дел 2. Исто така, металните делови од предвидените изолаторски ланци мора да бидат топло поцинкувани во согласност со стандардот МКС ISO 1461 или со други светски признати прописи.

Материали

Композитни изолатори се состојат од јадро, обвивка и метална капа. Јадрото, кое ја обезбедува цврстината, треба да биде направено од стаклени армирани влакна (FRP) со висока јачина на отпорност на киселина. Стаклените влакна треба да покажат висок електричен интегритет и висока отпорност на корозија од киселина.. Матрицата на прачката FRP треба да биде отпорна на хидролиза. FRP прачката треба да се произведува преку процес на пултрузија и да биде компактна без пранини.

Крајниот приклучен дел (капа) треба да биде врзан врз јадрото од стаклени влакна. Обвивката треба да биде од силиконски легури и треба да биде формиран така што ќе го преклопува приклучниот дел и ќе го спречи влезот на влага.

Означување на изолаторите

Во согласност дизајнот на изолацијата, се предвидува да се користат изолаторни комплети како што следува:

ENpot – единечен потпорен линиски изолатор
DNpot - двоен потпорен линиски изолатор
EZ – единечна затезна изолаторска верига
DZ- двојна затезна изолаторска верига

Затезните изолаторски вериги се составени од следните елементи:

<u>Единечна затезна изолаторска верига</u> (EZ) комплет, составена од:

- Знаме ..... - 1 парче,
- Комбиниран стапест изолатор 20 kV око-око ..... - 1 парче
- Клинеста затезна стегалка 70/12 mm^2 ..... - 1 парче

<u>Двојна затезна изолаторска верига</u> (DZ) комплет, составена од:

- Знаме ..... - 1 парче,
- Око-око 90° ..... - 2 парчиња,
- Одстојник 250 mm ..... -2 парчиња
- Комбиниран стапест изолатор 20 kV око-око ..... - 2 парчиња и
- Клинеста затезна стегалка 70/12 mm^2 ..... - 1 парче

За аголно-затезните столбови со негативни гравитациони распони, затезните изолаторски вериги по монтажата ќе бидат во обратна положба, бидејќи затезната стегалка е на повисока

позиција од точката на прицврстување (знамето). Шеширите од стапестиот изолатор со конкавната (вдлабнатата) страна би биле свртени нагоре, поради што се скратува активниот (сувиот) дел од ползната патека. Поради тоа неопходно е завртување на стапестиот изолатор за 180°, со што изолаторот ја добива очекуваната нормална положба.

Изолаторските вериги со свртени стапести изолатори (за 180°) вообичаено се нарекуваат свртени изолаторски вериги и се означени со ознаките:

EZs – Единечна затезна свртена изолаторска верига и
DZs – Двојна затезна свртена изолаторска верига.

Во случаи кога се користат комбинирани стапести изолатори „око-око", при составувањето на изолаторските вериги е потребно само завртување на стапестите изолатори за 180°, без набавка на дополнителна опрема и без промена на спецификацијата за изолаторската верига.

Затезните изолаторските вериги во сите случаи издржуваат сила на кинење од $F_K = 70$ $[kN]$, која е најмалку три пати поголема од силата на затегање на спроводниците.

$$3 \cdot F_z = 3 \cdot A \cdot \sigma_m = 3 \cdot 81{,}3 \cdot 9{,}0 = 2195{,}10\ [daN] = 21{,}951 < 70{,}0\ [kN].$$

Потребни тестирања

Тестовите кои треба да се изведат на изолаторите со ропратната документација се следните:

- ✓ Рутински тест
- ✓ Типски тест

Сите испитувања треба да се извршат во целост, во согласност со МКС EN 61109. Резултатите од типските тестови се доставуваат од страна на Изведувачот. Рутинските тестови се наменети за елиминирање на дефектните единици и треба да се направат за време на производниот процес.

Насдворешни услови

Перформансите на опремата мора да ги исполнува барањата утврдени во Поглавје В.2.4.3.

Обележување и пакување

Изолаторите треба да се спакуваат во сандаци, за да се спречи транспортното оштетување. Секој сандак содржи изолаторски единици од ист тип. Сандаците треба да бидат со хексагонален или правоаголен пресек. Сандаците треба да бидат дрвени и треба да бидат затворени. Тие треба да се произведени од меко дрво и да бидат погодни за

продолжено складирање на место изложено на присутните климатски услови. Тие треба да бидат појачани со челични ленти на не помалку од три позиции долж нивната должина.

Сандаците ќе бидат дизајнирани со внатрешни спојници или прегради за поддршка на изолаторите и спречување на движењето на изолаторите. Изолаторите треба да бидат опремени со прицврстувачки оквири.

Гарантираната електромеханичка цврстина и видот на изолаторите во секој сандак треба да бидат јасно обележани со водоотпорен текст.

3. Проводници

Обем

Оваа спецификација ги поставува техничките (електрични и механички) барања во однос на карактеристиките, тестирањето и испораката на Al/Fe проводници што треба да се користат за рехабилитација на постоечкиот надземен вод.

Стандарди

Предложените проводници треба да се произведени во согласност со стандардот МКС EN 50182.

Материјали

Обвивката на проводникот треба да биде изградена од тврдо навлечената алуминиумска жица. Јадрото треба да биде направено од галванизирана челична жица. За време на плетењето, едножичниот или мулти-жичениот челик треба да биде рамномерно обложен со хемиски неутрална маст, отпорна на атмосферски влијанија.. Точката на топење на употребената маст мора да биде најмалку 80 ° C. Во секој слој, жиците мора да бидат правилно плетени и мора да се преклопуваат една до друга. Слоевите мора да бидат плетени во спротивни насоки од претходниот слој, додека надворешниот слој мора да биде исплетен во вистинската насока.

Карактеристики на спроводниците

Стандардна ознака, согласно МКС EN 50182:-70-AL1/11-ST1A (Al/Fe-70/12 mm^2)

Дијаметар:	- d = 11,7 mm^2
Номинален пресек	- A_n = 70/12 mm^2
Вистински пресек:	
Алуминиумски плашт:	- A_{Al} = 69,9 mm^2
Челично јадро:	- A_{Fe} = 11,4 mm^2
Вкупно:	- A = 81,3 mm^2
Конструкција:	
Алуминиумски плашт:	- жици 26x1,85 mm^2 (2 слоја)
Челично јадро:	- жици 7x1,44 mm^2
Однос на пресекот:	- AC = 6/1

Однос на бр. на жици:	- AC = 26/7
Маса:	- G = 279 daN/km (284 kg/km)
Сила на кинење	- F_k = 2631 daN
Модул на еластичност:	- E = 7700 daN/mm^2
Температурен кеф. на линарно истегнување:	- α = 18,9x10^{-6} 1/oC
Дозволено максимално напрегање:	
Нормално:	- σ_n = 13,0 daN/mm^2
Исклучително:	- σ_i = 24,5 daN/mm^2
Среден активен отпор	- r_{20} = 0,413 Ω/km. (ϑ = 20°C)
Дозволена трајна струја:	- I_d = 235 A

Тестирање

Квалитетот на проводниците треба да биде проверен од производителот. Тестовите на проводниците ги земаат предвид следните мерења: мерења на дијаметар, мерење на јачина на истегнување, усукување и намотување, тестирање на стрес со вредност на полнење од 1%, контрола на тежината на цинк, контрола на адхезија и униформност на цинк, и мерење на електричен отпор. Овие мерења се изведуваат во согласност со стандардот **EN 60889** за алуминиумски жици, односно во согласност со стандардот **EN 50189** за челични јадра.

Изведувачот има обврска да достави типски тест, издаден од производителот.

За време на испитувањето на проводникот, потребно е да се провери неговата механичка цврстина, односно да се провери дали пресметана јачина на кинење е во согласност со стандардот што е применлив за конкретниот тип на проводник. Механичната јачина на проводникот е соодветна ако јачината на напрегањето на истегање на алуминиумските жици, пред и по усукувањето, е во согласност со вредностите кои се дефинирани во **EN 50182**. Исто така, оваа јачина е соодветна ако вредноста на напрегањето на челичните жици, во чекори од 1% , е во согласност со истиот стандард. За време на тестирање на механичката сила, монолитната жица мора да издржи најмалку 95% од својата пресметана сила, додека двојната метална жица мора да издржи најмалку 90%. Пресметаната јачина на кинење се одредува како збир на сите сили на кинење на одредени жици, по усукувањето.

Изведувачот има обврска да достави типски тест, издаден од производителот.

Пакување и транспорт

Проводниците треба да се испорачаат на транспортен котур, кој е покриен со хемиски неутрален материјал одвнатре. Секој проводник мора да се намота во слоеви, а крајот на проводникот мора да биде силно затегнат. Кога предвидените котури со проводници се преземаат, треба да се изврши контрола на квалитетот на намотаниот проводник, односно

контрола на квалитетот на котурот. Оваа контрола треба да се направи со цел да се избегне непотребно оштетување на жицата за време на монтирањето, што може да ги намали гарантираните технички карактеристики. Котурот мора да биде заштитен со заштитен материјал од надвор. Натписната плочка на транспортниот котур мора да содржи: име на фирма, адреса или регистарски број, стрелка за насочување на насоката на одмотување, материјал, напречен пресек, должина на проводник и тежина, број на транспортниот котур и ознака **EN 50182.**

4. Дополнителна опрема

Обем

Оваа спецификација ги специфицира минималните технички барања за проектирање, инженеринг, производство, инспекција, тестирање и изведба на додатна опрема на надземни водови која ќе се користи за рехабилитација на постојниот надземен далновод.

Оваа спецификација ја опфаќа следната дополнителна опрема за надземни водови:

- ✓ Конзоли
- ✓ Носачи за изолатори
- ✓ Знамиња
- ✓ Затезни стегалки
- ✓ Струјни стегалки

Стандарди

Овесната опрема (знаме со болцна и затезна клинеста стегалка) од која се формира затезниот изолаторски ланец мора да е соодветна со стандардите **MKS EN 61284, MKS EN ISO 1461, MKS EN 61466-1** и **MKS N.F2.010**.

Конзолата која треба да се употреби за прицврстување на изолаторскиот ланец на конзолата од столбот треба да биде проектирана и изработена во согласност со **МКС EN 10025-1, МКС EN 10056-1, МКС EN 10056, - 2** и **МКС EN ISO 1461.**

Нозачите за линиските потпорни изолатори се употребуваат за прицврстување на изолаторите на конзолата од столбот и мора да ги исполнуваат барањата на горе споменатите стандарди.

Струјните стегалки кои се употребуваат за Al/Fe јаже, мора да бидат дизајнирани, произведени и тестирани во согласност со стандардот **DIN 48072-1**.

Штрафовскиот материјал мора да биде во согласност со стандардот **МКС EN 10025 -1** и **MKS EN ISO 1461**.

Бакарните папучи мора да биде во согласност со стандардот **DIN 48072-2**.

Спиралите мора да ги задоволуваат барањата н астандардот **MKS N.F2.010**.

Материјали

Конзолите треба да бидат направени од топло поцинкуван топло валан челик со дебелина на плочестите делови од 6mm и дебелина на слојот на цинк од 70 µm.

Носачите треба да бидат направени од челик St.0030 (St3), топло поцинкуван со слој на дебелина од 40µm.

Знамињата со болцна треба да се направени од топло поцинкуван челик со дебелина 70µm.

Клинестите затезни стегалки треба да бидат од компресионен тип за ACSR проводник и може самостојно да се компресираат. Тие имаат хексагонална форма. Затезните стегалки не смеат да дозволат лизгање, оштетување или дефект на проводникот при оптоварување помало од 95% од крајната јачина на проводникот. Механичката ефикасност на затезните стегалки мора да биде постојана, независно од методот на монтажа. Алуминиумската обвивка треба да биде изработена од екструдирана алуминиумска цевка со чистота на алуминиум не помала од 99,5%.

Челичната вилушка треба да биде изработена од челик со висока цврстина. Затезните стегалки мора да бидат опремени со соодветни наврткн и заврткн.

Бакарните папучи треба да бидат изработени од лесна бакарна легура со висока јачина (висока содржина на бакар).Сите бакарни компоненти или делови треба да се направат од легура со содржина на бакар,повеќе од 70%.

Тестирање

Изведувачот треба да достави сертификати за типски тестови, наведени подолу, издадени од независни, лиценцирани лаборатории.

Типски тестови за затезни стегалки:

- ✓ Визуелен преглед
- ✓ Верификација на димензиите
- ✓ Тестови за пролизгување
- ✓ Крајни тестови на сила
- ✓ Тест за електричен отпор
- ✓ Тестови за галванизација

Типски тестови за изолаторскиот ланец, без затезна стегалка:

- ✓ Визуелен преглед
- ✓ Верификација на димензиите

- ✓ Механички испитувања

  Тестови за галванизација

Типски тестови за незатезна опрема:

- ✓ Визуелен преглед
- ✓ Верификација на димензиите
- ✓ Механички испитувања

Пакување и транспорт

Целиот хардвер и додатна опрема треба да бидат испорачани во појачани дрвени кутии / гајби со челичен обрач за да го издржат грубото ракување за време на транзитот и транспортот. Понекогаш, опремата може да биде спакувана во двојни јутени вреки со соодветни филтри за пакување ако се испорачаат со патнички транспорт на основа на испорака на врата. Бруто тежината на дрвената амбалажа обично не надминува 500 кг. Различна додатна опрема треба да биде спакувана во различни пакувања.

Сите делови треба да бидат соодветно и јасно обележани за безбедна испорака и соодветна идентификација на дестинацијата.

5. Среднонапонски кабел и кабловски прибор

Обем

Оваа спецификација ги поставува техничките (електрични и механички) барања во однос на карактеристиките, тестирањето и испораката на среднонапонски кабел и кабловските завршмници што треба да се користат за изградба на предметниот далекувод.

Стандарди

Предложените кабли треба да се произведени во согласност со стандардот VDE 0276-520.

Материјали

Изолацијата на кабелот треба да биде од умрежен полиетилен. Каблите со изолација од умрежен полиетилен (XLPE) се висококвалитетни, сигурни и безопасни за време на експлоатацијата, бидејќи XLPE–изолацијата има добри термички карактеристики и издржува механички напрегања при полагањето и покасно при експлоатацијата. XLPE–изолацијата исто така има мали диелектрични загуби и издржува големи електрични напрегања.

Проводникот на кабелот треба да биде компактиран(многужичен-уплетен) алуминиум.

Под кабелскиот прибор се подразбира завршници и спојки за завршување и спојување (продолжување) на едножилен среднонапонски кабел.

Кабелската завршница (комплет) е гарнитура-сет од три кабелски завршници за едножилен среднонапонски кабел, опремени со прибор за едноставно приклучување на електричната заштита (екранот) од кабелот, на заземјувачот од разводната постројка или на столб, односно за внатрешна и (или) надворешна монтажа – соодветно.

За среднонапонските кабли се препорачува да се користат кабелски завршници и кабелски спојници со топлособирачка или ладнособирачка технологија, според Техничката спецификација и Техничкиот прирачник на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје..За предвидениот енергетски кабел тип NA2XS(F)2Y, може да се постават:

- Кабелски завршница за внатрешна монтажа за едножилен кабел 12/20 kV, со пресек 70-240 mm^2, тип POLT–24D/1XI-ML-4-13 (95÷240mm^2) „Raychem" или од друг производител.
- Кабелски завршница за надворешна монтажа за едножилен кабел 12/20 kV со пресек 240mm^2, тип POLT–24D/1XO-ML-4-13 (95÷240mm^2) „Raychem" или друг производител.
- Кабелска спојница тип POLJ-24/1x120-240 „Raychem" или или друг производител.

Конструктивни карактеристики на кабелот 20 kV

Ознака по DIN (VDE 0276-620):	NA2XS(F)2Y 1x150RM/25mm^2, Uo/U=12/24 kV
Номинален напон:	12/24 kV
Спроводник:	Алуминиум,компактиран (многужичен-упреден)
Пресек на спроводникот:	150 mm^2
Дијаметар на спроводникот:	14,1 mm
Изолација	Вмрежен полиетилен (XLPE)
Дебелина на изолацијата:	5,5 mm
Надворешен дијаметар на кабелот:	35 mm
Подолжна маса на алуминиум:	≈441 kg/km
Подолжна маса на бакар:	≈285 kg/km
Подолжна маса на кабелот:	≈1400 kg/km
Радиус на свиткување:	15xD (520 mm)
Дозволена сила на влечење:	3,0 daN/mm^2
Температура на експлоатација:	-30 ^{o}C ÷ 50 ^{o}C
Дозволена работна температура	90 ^{o}C (при континуирана работа)
Температура на полагање:	> 5 ^{o}C

Подолжен омски отпор R 20°C	0,268 Ω/km
Подолжен индуктивен отпор X_L	0,121 Ω/km
Подолжен капацитет C:	0,25 μF/km
Дозволена струја во воздух (30°C):	345 A
Дозволена струја во земја (20°C):	320 A
Дозволена струја на куса врска I_{KV}-1s:	14,1 kA



1. - Спроводник: компактиран (многужичен-упреден) алуминиум
2. - Внатрешен екструдиран полупроводен слој (екран) над спроводникот
3. - Изолација – трислоен екструдиран вмрежен полиетилен XLPE
4. - Надворешен екструдиран полупроводен слој (екран) над изолацијата
5. - Водонепропустливи набабрувачки траки
6. - Електрична заштита (екран): обвивка од меко-обжарени бакарни жици и бакарна лента
7. - Водонепропусен раздвојувачки слој
8. - Надворешен плашт од HDPE - тврдост според Шор (Shore), мин. 55, со црна боја.

Тестирање

Квалитетот на кабелот и соодветниот прибор мора да биде потврден со следните тестови, согласно стандардот **IEC 60502-2:**

- ✓ типски тестови
- ✓ рутински тестови
- ✓ тестови пред пуштање во работа

Типските тестови се прават во сертифицирани лаборатории и со нив се потврдува кредибилитетот на целата конструкција на соодветниот тип на кабел. Рутинските тестови се прават во лабораториите на производителот и со нив потврдува исправноста на произведениот кабел. Рутинските тестови опфаќаат високонапонско испитување на кабелот,

испитување со импулсен напон, како и испитување на парцијални празнења. Пред самото пуштање во работа се прави ново високонапонско испитување на кабелот.

Изведувачот има обврска да ги достави сите тестови испратени од производителот, како и да изврши високонапонско тестирање на кабелот пред пуштање во работа за што треба да достави соодветен извештај.

. **Пакување и транспорт**

Енергетскиот кабел се транспортира на барабани во беспрекорна состојба. Исклучително, куси парчиња кабли може да се транспортираат намотани во котури, во легната положба, под услов да да не се пречекорат дозволените радиуси на свиткување односно 15*D за кабли тип: NYY, NAY2Y и 15*D1 за едножилни кабли тип NA2XS(F)2Y 1x.....RM/.. 12/20 kV (каде што: D – надворешен дијаметар на повеќежилен кабел (mm) и D1- надворешен дијаметар на едножилен кабел (mm).

Барабанот со кабелот никогаш не смее да се складира легнат на страна. Барабаните мораат да се обезбедат од надворешно придвижување. За товарење и истовар мора да се користат соодветни дигалки, виљушкари, рампи итн. Истоварање и манипулирање со барабаните се прави само со:

- виљушкар или
- дигалка

Тркалање на дрвените барабани не е дозволено, освен на куси растојанија (на пр. при истовар) и тоа по здрава и рамна основа. Тркалање е дозволено само во насока на стрелката од надворешната страна на барабанот. Барабаните се складираат само во исправена положба.

6. Разводна постројка и среднонапонски ќелии

Обем

Оваа спецификација ги поставува техничките (електрични и механички) барања во однос на карактеристиките, тестирањето и испораката на разводната постројма и среднонапонските ќелии што треба да се користат за изградба на предметниот електроенергетски вод.

Стандарди

Разводната постројка и среднонапонските челии треба да се произведени во согласност со стандардот **МКС EN 62271**-1 и **МКС EN 62271-200.**

Материјали

Разводната постројка треба да е од блиндиран тип. Скелетот на трафостаницата и носачите на опремата треба да бидат изработени од двапати декапиран челичен лим со дебелина од 3мм, а вратите и кровот од двапати декапиран челичен лим со дебелина од 2мм. Целокупната конструкција треба де штрафена, со исклучок на поедини елементи кои се заварувaат точкасто. Вратите треба да бидат обезбедени со брави и на нивниот горен и долен дел се поставуваат жалузини, зад кои е поставена ситна мрежа за заштита од инсекти. Целата конструкција треба да биде солидно заштитена од атмосферски води и корозија. Лимовите после обработката се пластифицираат со епоксиден прав. Ќелиите кои треба да се вградат во разводната постројка се исто така метално оклопени и воздушно изолирани.

Карактеристики на среднонапонските ќелии

Среднонапонските ќелии кои треба да се вградат во разводната постројка се од типот "Uni-MaxMix". Основните карактеристики на овие ќелии се:

- ✓ Номонален напон: 24 kV
- ✓ Испитен напон: (50Hz,1min.) 50кV
- ✓ Импулсен напон: 1,2/50 µs, 95 KV
- ✓ Номинална фреквенција: 50Hz
- ✓ Номинална струја 630 A
- ✓ Наоминална кратхотрајна струја на куса врска : 16 KA (1sek.)
- ✓ Ударна струја на куса врска: 40 kA
- ✓ Степен на заштита: IP 20
- ✓ Раставувач на моќност во доводно изводни ќелии тип ABB SHS2 во SF6 изведба

Можно е да се употребат и ќелии од друг тип со идентични карактеристики.

Тестирање

Квалитетот на разводната постројка и среднонапонските ќелии треба да биде проверен од производителот.

Изведувачот има обврска да достави типски и рутински тестови, издаден од производителот.

Пакување и транспорт

Разводната постројка и соодветните среднонапонски ќелии се испорачуваат како готови фабрички производи. За товарење и истовар мора да се користат соодветни дигалки, виљушкари и сл. Истите треба да се транспортираат сигурно прицврстени на товарно возило. За време на транспортот истите треба да бидат механички заштитени а среднонапонските ќелии и дополнително од влага.

B.3 Технички пресметки

B.3.1 Спецификација на ознаки

Ознака	Мерна единица	Величина
G	$\left[\frac{daN}{m}\right]$	Единечна подолжна тежина на спроводник.
A	$\left[mm^2\right]$	Вистински (вкупен) пресек на спроводник.
d	$\left[mm\right]$	Дијаметар на спроводник.
p	$\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$	Сопствена специфична тежина на спроводник.
$p1$	$\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$	Специфична тежина со нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.) за спроводник.
$p2$	$\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$	Специфична тежина со исклучителен зимски додатен товар (и.з.д.т.) за спроводник.
$p1_v$	$\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$	Специфична тежина (сила) на додатен товар од ветар (д.т.в.) за спроводник.
P_v	$\left[\frac{daN}{m^2}\right]$	Притисок на ветар.
k_n		Фактор на нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.).
k_i		Фактор на исклучителен зимски додатен товар (и.з.д.т.).
θ	$\left[°C\right]$	Температура
θ_k	$\left[°C\right]$	Критична температура
σ'	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Вкупно напрегање во точката на обесување за спроводник.
σ	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Хоризонтална компонента на напрегање на спроводник.
σ_m	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Максимално работно напрегање на спроводник.

Ознака	Мерна единица	Величина
σ_d	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Дозволено нормално напрегање на спроводник.
σ_i	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Дозволено исклучително напрегање на спроводник.
σ_θ	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Напрегање при температура $\theta[°C]$ на спроводник.
σ'_{-5}	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Напрегање при $\theta = -5[°C]$ со н.з.д.т. на спроводник.
σ''_{-5}	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Напрегање при $\theta = -5[°C]$ со и.з.д.т. на спроводник.
σ'''_{-5}	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Напрегање во точка на обесување при $\theta = -5[°C]$ со и.з.д.т. на спроводник.
σ_k	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Напрегање на кинење на спроводник.
F	$[daN]$	Сила (општо).
G_{iz}	$[daN]$	Тежина на изолатор или изолаторска верига.
$G1_{iz}$	$[daN]$	Тежина на изолатор или изолаторска верига со додатен товар од мраз.
L_{iz}	$[m]$	Должина на изолаторска верига (Висина за потпорен изолатор).
α	$\left[\frac{1}{°C}\right]$	Температурен коефициент на линеарно издолжување за спроводник.
E	$\left[\frac{daN}{mm^2}\right]$	Модул на еластичност за спроводник.
a	$[m]$	Распон (хоризонтално растојание помеѓу соседни столбни места).
a_t	$[m]$	Тотален (привиден) распон.
a_{gv}	$[m]$	Гравитационен распон.
a_{sr}	$[m]$	Среден (ветров) распон.
a_{el}	$[m]$	Електричен распон.

Ознака	Мерна единица	Величина
a_i	$[m]$	Идеален распон.
a_{gr}	$[m]$	Граничен распон.
c	$[m]$	Параметар на верижникот за спроводник.
f'	$[cm]$	Провес за спроводник.
f	$[cm]$	Максимален провес за спроводник.
d_s	$[cm]$	Сигурносно растојание за соодветен номинален напон.
α_k	$[\circ]$	Критичен агол на отклон на изолаторска верига.
φ	$[\circ]$	Агол мегу хоризонталата и правата што ги поврзува двете точки на обесување на спроводникот.
α	$[\circ]$	Агол на скршнување на трасата на водот.
V_x	$[daN]$	Компонента на силата на спроводник во правец „x" (нормално на трасата или во правец на симетралата на внатрешниот агол на скршнување на трасата на водот).
V_y	$[daN]$	Компонента на силата на спроводник во правец „y" (во правец на трасата или во правец на симетралата на аголот на скршнување на трасата на водот).
V_z	$[daN]$	Компонента на силата (тежина) на спроводник во правец „z" (вертикален правец)
S_x	$\left[\frac{daN}{m^2}\right]$	Притисок врз столбот (од ветар) во правец „x" (нормално на трасата или во правец на симетралата на внатрешниот агол на скршнување на трасата на водот).
S_y	$\left[\frac{daN}{m^2}\right]$	Притисок врз столбот (од ветар) во правец „y" (во правец на трасата или во правец на симетралата на аголот на скршнување на трасата на водот).
PP		Прекинат спроводник.
NP		Непрекинат спроводник.

B.3.2 Податоци за параметри за пресметка

Параметрите за пресметка на затезните полиња се дадени во проектната програма и тие изнесуваат:

:

- ✓ Коефициент на нормален додатен товар: **Kn = 1.60**
- ✓ Максимален притисок на ветар: **Pv = 60 [daN/m²]**
- ✓ Максимално работно напрегање: **σ = 9 [daN/mm ²ˡ]**

B.3.3 Распоред и избор на столбови

При правењето на избор на столбните места и типот на столбовите долж трасата, земени се во предвид сите технички ограничувања, дефинирани со **Правилникот за изградба на надземни водови** , како и барањата наведени во проектната програма. Тие се однесуваат на :

- ✓ височината на спроводниците над тлото и над пресечните објекти, ако ги има;
- ✓ механичките напрегања на столбовите;
- ✓ механичките напрегања во самите спроводници
- ✓ дозволените растојанија помеѓу спроводниците во средината од секој распон, во услови без ветар.

При разместувањето на столбовите по трасата, почитувано е барањето дадено во проектната програма, столбовите да се постават во близина на градежниот пат кој води до рудникот за мермер Волостоне.

Со помош на шаблони по графички пат или компјутерски програм ги определуваме следните непознати:

- потребните височини на столбовите;
- височините на спроводниците над тлото и над пресечните објекти;
- вистинските распони помеѓу столбовите;
- средните (ветровите) распони кај секој столб;
- гравитационите распони кај секој столб;
- тоталните распони за секој кос распон во посматраното затезно поле.

Столбната листа на надземниот вод е дадена во посебни табели.

B.3.4 Пресметка на специфични оптоварувања за спроводници

Во механичките пресметки на надземните електроенергетски водови се користи карактеристичната големина сопствена специфична тежина на спроводникот

$$p \left[\frac{daN}{m \cdot mm^2} \right]$$

која представува подолжна тежина на спроводникот сведена на пресек од 1 mm^2.

$$p = \frac{G}{A}\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$$

каде е: G $[kg/m]$- тежина на единица должина на спроводникот,

Зимскиот додатен товар кој најчесто се јавува при надворешна температура $\theta = -5°C$ на единечна должина на спроводникот, се пресметува со формулата:

$g_d = 0{,}18 \cdot \sqrt{d}$ $[daN/m]$ каде d е дијаметар на спроводникот.

Специфичната тежина на зимскиот додатен товар (з.д.т.) се пресметува со формулата:

$$\Delta p = \frac{k_n \cdot g_d}{A}\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$$

каде k_n е фактор на нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.) и може да ги има следните вредности: 1,0; 1,6; 2,5 и 4,0.

За исклучителен зимски додатен товар (и.з.д.т.) се зема најголема вредност на н.з.д.т. кој се јавува просечно секои 20 години, но не помалку од двојната вредност на н.з.д.т., т.е.

$$\Delta p_i = \frac{k_i \cdot k_n \cdot g_d}{A}\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$$

каде е: k_i - фактор на исклучителен зимски додатен товар и има вредност $k_i \geq 2$.

Специфичното оптоварување на спроводникот се одредува со следните формули:

- Специфична тежина на спроводник без зимски додатен товар:

$$p = \frac{G}{A}\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$$

- Специфична тежина на спроводникот со нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.):

$$p1 = p + \Delta p = \frac{G}{A} + \frac{k_n \cdot g_d}{A}\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$$

- Специфична тежина на спроводникот со исклучителен зимски додатен товар (и.з.д.т.):

$$p2 = p + \Delta p_i = \frac{G}{A} + \frac{k_n \cdot k_i \cdot g_d}{A}\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$$

За усвоени вредности на $k_n = 1{,}6$ и $k_i = 2{,}0$ пресметаните специфични оптоварувања на спроводниците 70-AL1/11-ST1A (AC 70/12 mm²) се дадени во следната табела:

Пресметани специфични оптоварувања за спроводниците

Спроводник: 70-AL1/11-ST1A (Al/Fe 70/12 mm²)				
Специфично	p	Δp	$p1$	$p2$

оптоварување				
$\left[\frac{daN}{m \cdot mm^2}\right]$	$3{,}434 \cdot 10^{-3}$	$12{,}121 \cdot 10^{-3}$	$15{,}555 \cdot 10^{-3}$	$27{,}668 \cdot 10^{-3}$

B.3.5 Пресметка на дозволени карактеристични распони за столбови

Карактеристични распони на столбовите дадени од производителот се однесуваат за коефициент на нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.) $k_n = 1$.

За усвоениот коефициент на нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.) $k_n > 1{,}0$ дозволените карактеристични распони на столбовите се одредуваат од приложените табели на сили.

- Дозволен гравитационен распон

Гравитационен распон – е хоризонтално растојание (во *m*) помеѓу најниските точки (темињата) на верижникот од претходниот и следниот распон за посматраниот столб. Од неговата должина зависи вертикалната сила која се јавува на столбот поради тежината на спроводниците.

- За носечки столб:

$$a_{g1} = \frac{V_{za} - G1_{iz}}{p1 \cdot A} \ [m] \qquad a_{g2} = \frac{V_{zb} - G_{iz}}{p \cdot A} \ [m]$$

$$a_g = \min\left(a_{g1}, a_{g2}\right) \ [m]$$

- За аголно-затезен столб:

$$a_{g1} = \frac{V_{za} - 2 \cdot G1_{iz}}{p1 \cdot A} \ [m] \qquad a_{g2} = \frac{V_{zb} - 2 \cdot G_{iz}}{p \cdot A} \ [m] \qquad a_g = \min\left(a_{g1}, a_{g2}\right) [m]$$

- Дозволен среден распон

Среден распон – е хоризонтално растојание (во *m*) помеѓу средишните точки на предходниот и следниот распон за посматраниот столб. Од неговата должина зависи хоризонталната сила на врвот на столбот поради делувањето на ветер врз спроводниците.

- За носечки столб: $$a_s = \frac{V_{xb}}{P_v \cdot d} \ [m]$$

- За аголно-затезен столб: $$a_s = \frac{V_{xb} - 2 \cdot \frac{2}{3} \cdot \sigma_m \cdot A \cdot \sin\frac{\alpha}{2}}{P_v \cdot d} \ [m]$$

- Дозволен електричен распон

Електричен распон е распонот помеѓу два столба, за кој, во сите услови (максимална температура $\theta = +40°C$ со максимален ветар, во зимски услови со додатно оптоварување), меѓусебното растојание на спроводниците во средината на распонот е еднакво на сигурносното растојание за даден номинален напон.

Сигурносните растојанија за високонапонските водови, во зависност од номиналниот напон се дадени во следната Табела:

Сигурносни растојанија за надземни електроенергетски водови

	Вид на напонско напрегање на изолацијата	Номинален напон U_n [kV]			
		10	20	35	110
		Сигурносно растојание d_s[cm]			
1	Атмосферски пренапони (без ветар) p_v=0	15	25	35	90
2	Склопни и долготрајни пренапони $p_v = 0{,}15 \cdot p_{max}$	10	20	30	80
3	Наизменични (нормални) напони 50Hz, $p_v = p_{max}$	-	7	10	30

p_{max}[daN/m^2] - максимален притисок на ветар

Електричниот распон зависи од распоредот на спроводниците (главата на столбот), пресекот на спроводниците, максималното нормално работно напрегање, коефициент на нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.) и притисокот од ветар.

Аголот на отклон на спроводникот поради притисокот на ветар изнесува:

$$\alpha = arctg \frac{P_v \cdot d}{p \cdot A} \ [°]$$

Коефициентот k во зависност од распоредот на спроводниците (главата на столбот) изнесува:

- За хоризонтален распоред на спроводници: $k = 4 + \frac{\alpha}{25}$, $k \geq 6$

- За кос распоред на спроводници: $k = 2 + \frac{\alpha}{10}$, $k \geq 7$

- За вертикален распоред на спроводници: $k = 4 + \frac{\alpha}{5}$, $k \geq 14$

Растојанието помеѓу два спроводници при температура $\theta = +40°C$ во услови без ветар во средината на распонот за столбови со висечки изолатори (изолаторски вериги) треба да изнесува:

$$D = \sqrt{(f_{40} + L_{iz})} + d_s \ [cm] \qquad d_s = 25 \ [cm] \text{ за } U_n = 20 \ [kV]$$

За столбови со потпорни изолатори и аголно-затезни столбови:

$$L_{iz} = 0 \text{, т.е. } D = \sqrt{f_{40}} + d_s \ [cm]$$

Провесот на темпрература $\theta = +40°C$ за столбови со висечки изолатори (изолаторски вериги) не треба да ја надмине вредноста :

$$f_{40} = \frac{(D - d_s)^2}{k^2} - L_{iz} \ [cm]$$

За столбови со потпорни изолатори и аголно-затезни столбови: $L_{iz} = 0$, (бидејќи не е можно отклонување на потпорните изолатори и затезните изолаторски вериги), провесот на темпрература $\theta = +40°C$ не треба да ја надмине вредноста :

$$f_{40} = \frac{(D - d_s)^2}{k^2} \ [cm]$$

Дозволениот електричен распон за столбот ќе изнесува:

$$a_{el} = \sqrt{\frac{8 \cdot f_{40} \cdot \sigma_{40}}{p}} \ [m]$$

Предвидените столбови за водот имаат триаголем распоред на спроводници (глава на столб) и критично растојание помеѓу спроводниците 1,87 m..

Пресметаните карактеристични распони за предвидените столбови за избраниот спроводник 70-AL1/11-ST1A (AC 70/12 mm²), избраното максимално/намалено работно напрегање 9,0/6,0 [*daN/mm²*] и коефициент на н.з.д.т. $k_n = 1{,}6$ се дадени во следната Табела:

Дозволени карактеристични распони за предвидените едносистемски столбови 20 kV

Тип на столб	Гравитационен распон $[m]$			Среден распон $[m]$	Електричен распон $[m]$	
	ENpot		DNpot		9,0 [*daN/mm²*]	6,0 [*daN/mm²*]
БН-315	165,32		165,39	150,00	164,81	/
	EZ/EZ	EZ/DZ	DZ/DZ			
ВН-1050	/	/	130,12	170,00	164,81	/
ВН-1520	147,34	138,73	/	150,00	164,81	/
ВН-2250	/	138,73	130,12	140,00	164,81	/

Забелешка: Столбовите со спуштена конзола за 0,5м имаат елактричен распон 198,13m.

B.3.6 Критичен распон

Напрегањето на спроводниците од водот во различни состојби е различно и зависи од температурата, големината на додатното оптоварување (од снег и мраз) и притисокот на ветар. Напрегањето е минимално при максимална температура ($\theta = +40°C$), а максимално при

температура $\theta = -5°C$ со зимски додатен товар (н.з.д.т.) (σ_{-5+ndt}), или при температура $\theta = -20°C$ без зимски додатен товар (σ_{-20}), во зависност од големината на распонот.

Распонот за кој $\sigma_{-5+ndt} = \sigma_{-20}$ се вика критичен распон - a_k .

За распони поголеми од критичниот распон, максималното напрегање се јавува на температура $\theta = -5°C$ со зимски додатен товар (з.д.т.), а за распони помали од критичниот распон, максималното напрегање се јавува на температура $\theta = -20°C$ без зимски додатен товар, т.е.:

за: $a > a_k$ → $\sigma_{-5+ndt} > \sigma_{-20}$

за: $a < a_k$ → $\sigma_{-5+ndt} < \sigma_{-20}$

Критичниот распон се пресметува со формулата:

$$a_k = \sigma_m \cdot \sqrt{\frac{360 \cdot \alpha}{p1^2 - p^2}} \ [m]$$

B.3.7 Критична температура

Провесот на спроводниците од водот е најголем при максимална температура $\theta = +40°C$ кога тие се најмногу издолжени, или при температура $\theta = -5°C$ со нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.), кога се издолжени поради тежината од додатното оптоварување.

Температурата θ_k за која провесот $f_{\theta k}$ е едаков со провесот f_{-5+ndt} на температура $\theta = -5°C$ со нормален зимски додатен товар (н,з,д,т,) ($f_{\theta k} = f_{-5+ndt}$) се вика критична температура и се пресметува со формулата:

$$\theta_k = \frac{\sigma_{-5+ndt}}{E \cdot \alpha} \cdot \left(1 - \frac{p}{p1}\right) - 5 \ [°C]$$

Ако критичната температура θ_k е помала од $\theta = +40°C$ максималниот провес се јавува при температура $\theta = \theta_{\max} = +40°C$, а ако критичната температура θ_k е поголема од $\theta = +40°C$ максималниот провес се јавува при температура $\theta = -5°C$ со нормален зимски додатен товар (н.з.д.т.), односно:

за: $\theta_k > +40°C$ → $f_{\max} = f_{-5+ndt} > f_{+40}$

за: $\theta_k < +40°C$ → $f_{\max} = f_{+40} > f_{-5+ndt}$

.

B.3.8 Граничен распон на спроводниците

Распонот за кој напрегањето на спроводниците во точката на обесување при температура $\theta = -5°C$ со исклучителен зимски додатен товар (и.з.д.т.) е еднакво на исклучителното

дозволено напрегање, се вика граничен распон.

Напрегањето на спроводниците во точките на обесување нема да ја надмине вредноста на исклучителното дозволено напрегање ако посматраниот распон е помал од граничниот распон. Ако распонот е кос, тој треба да се дополни до тоталниот (привидниот) распон, бидејќи граничниот распон се пресметува за претпоставена иста висина на точките на обесување и условот ќе биде задоволен ако тоталниот распон е помал од граничниот.

Граничниот распон се пресметува по итеративен пат од равенката на состојба:

$$\sigma_x^{(0)} = \sigma_m \cdot \frac{p2}{p} \left[\frac{daN}{mm^2}\right] \qquad a_{gr}^{(0)} = 2 \cdot \frac{\sigma_x^{(0)}}{p2} \cdot Arch\frac{\sigma_i}{\sigma_x^{(0)}} \ [m]$$

Каде што $\sigma_x^{(0)}$ и $\sigma_{gr}^{(0)}$ се почетни приближни вредности на итерацијата.

$$n^{(0)} = p2 \cdot a_{gr}^{(0)} \cdot \sqrt{\frac{E}{24}} \qquad m^{(0)} = \frac{p1^2 \cdot \left(a_{gr}^{(0)}\right)^2}{24 \cdot \sigma_m^2} \cdot E - \sigma_m$$

$$\sigma_x^{(i+1)} = \frac{n^{(i)}}{\sqrt{m^{(i)} + \sigma_x^{(i)}}} \left[\frac{daN}{mm^2}\right] \qquad a_{gr}^{(i+1)} = 2 \cdot \frac{\sigma_x^{(i+1)}}{p2} \cdot Arch\frac{\sigma_i}{\sigma_x^{(i+1)}} \ [m]$$

По извршувањето на потребниот број на итерации се добива вредноста на граничниот распон за дадениот спроводник и дадените почетни услови.

Напрегањето на спроводниците во точките на обесување при појава на исклучителен зимски додатен товар (и.з.д.т.) ќе биде помало од исклучителното дозволено напрегање за сите распони на кои пресметаниот тотален распон е помал од граничниот распон.

B.3.9 Максимално напрегање на спроводници во точки на обесување

Максималното напрегање во точки на обесување се пресметува за максималниот тотален распон во услови кога на спроводникот има исклучителен додатен товар.

Хоризонталната компонента на напрегањето во тој случај се пресметува преку равенката на состојба со формулата:

каде што p_m е поголемата вредност од $p2$ и $p_{vm} = \sqrt{p^2 + p_v^2}$, $p_v = \frac{P_v \cdot d}{A} \left[daN/m \cdot mm^2\right]$ - спец. притисок од ветар, и $\sigma_{i-5} = \frac{\sigma_m \cdot p_m}{p1} \left[daN/mm^2\right]$.

B.4 Дозволено струјно оптеретување на надземниот вод

Дозволеното струјно оптеретување на вод кој е изведен со Al/Fe спроводници се пресметува со следната формула :

$$I_{doz} = k_{op} \cdot k_{\theta v} \cdot k_{v} \cdot k_{sz} \cdot I_{nd}$$

каде е:

I_{doz} = дозволено струјно оптеретување на водот [A];

k_{op} = коефициент на промена на дозволеното струјно оптеретување на водот, кој за надземни водови: k_{op} = 1;

Θp = максимално дозволена температура на проводникот

$k_{\theta v}$ = коефициент на промена на дозволеното струјно оптеретување на водот од температурата на воздухот θ_{v}, и во опсег $0^{o}C \leq \theta_{v} \leq +40^{o}C$ и се пресметува со изразот

$$k_{\theta v} = 1 + 0{,}009 \cdot (40 - \theta_{v});$$

k_{v} = коефициент на промена на дозволеното струјно оптеретување на водот во зависност од брзината на ветерот

k_{sz} = коефициент на промена на дозволеното струјно оптеретување на водот и има вредност 1 ако водот е изложен на директно сончево зрачење, односно има вредност дадени во следната табела ако водот не е изложен на директно сончево зрачење.

Табела : Коефициент на промена на дозволено струјно оптеретување k_{v} и k_{sz} во зависност од брзината на ветерот

v [m/s]		0	0,6	1	2	3	4	5	6
	k_{v}	1	1,191	1,295	1,459	1,567	1,648	1,713	1,799
	k_{sz}	1,291	1,180	1,146	1,109	1,092	1,083	1,076	1,068
k_{sz} = 1 ако водот е изложен на директно сончево зрачење									

I_{nd} = дозволено струјно оптеретување на спроводникот во [A], за температура на воздухот од $40^{O}C$ и услови без ветер

Во следната табела дадени се вредностите на дозволено оптеретување на надземни водови во летен период, кога поради надворешните температури дозволеното струјно оптеретување има пониска вредност:

Пресек на спроводник [mm^2]	I_{nd} [A]	I_{dozL} [A]	S_{dozL} [MVA]		
			10 kV	20 kV	35 kV

35/6	140	180	3,1	6,2	
50/8	170	220	3,8	7,6	13,3
70/12	235	305	5,3	10,6	18,5
95/15	290	377	6,5	13	22,8
$\theta_P = 80^oC$; $k_{op}=1$					
I_{nd} – дозволена вредност на струјно оптеретување за $\theta_v = 40^oC$; $v = 0$ m/s; директно сончево зрачење					
I_{dozL} – дозволено струјно оптеретување во летен период $\theta_v = 30^oC$; $v = 0,6$ m/s; директно сончево зрачење.					

B.5 Пресметка на заземјувачи

Согласно член 71 од **Правилникот за изградба на надземни водови** , армираните бетонски столбови мора да бидат сигурно поврзани со земјата со помош на систем за заземјување. Системот за заземјување има улога во намалувањето на можноста од повратен прескок во случај на удар на молња, како и за заштита на луѓето, кои може да се најдат во близина на далекуводот за време на дефект.

Повратен прескок на молња се смета за исклучен ако е исполнето барањето:

$Rz \leq \frac{Ui}{Iu}$, каде е:

Rz – отпор на распростирање на заземјувачот

Ui – подносив ударен напон на изолацијата на суво

Iu – темена вредност на ударната струја на громот за посматраниот столб

Како ориентација за вредноста на струјата Iu можат да се земат вредностите дадени во табела 8:

Табела 8.

Струја од удар на гром во столб (kA)	5	10	15	20	30	40	50	60
Процент од сите удари на гром (%)	14	40	62	79	91	95	98	99

Ако се земе во предвид вредноста на подносивиот ударен напон на 20КВ изолација на суво од 125КВ и усвоиме вредност од 20КА за Iu, тогаш согласно горната формула имаме:

$Rz \leq 125KV/20KA \leq 6,25\Omega$

За оваа вредност на отпор на распростирање на заземјувачот веројатноста за повратен прескок P_0 при удар на громот во столб ќе биде:

P_0 = P(I > IM) = 1 – 0,79 = 0,21 (21%).

Вредноста на отпорот на распростирање од 6,25Ω задоволува и во однос на заштита од напон на допир и чекор , ако се има во предвид образецот:

$$Rz \leq \frac{Uz}{Iz}$$

каде:

Uz=125V - дозволен напон н азаземјувачот

Iz – струја на земјоспојот која тече на местото на грешка. За 10 KV воздушна струја усвојуваме Iz = 20A

Rz = 125V/20A = 6,25 Ω

Согласно член 82 од **Правилникот за изградба на надземни водови**, ако и покрај поставувањето на два прстени не се постигне бараната отпорност, се одстапува од понатамопно полагање на заземјувачи.

B.6 Проверка на термичкиот стрес на кабловските врски

Новиот надземен воздушен вод на дистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопја ќе биде поврзана со подземна кабловска врска. Низ оваа кабловска врска поминува вкупната струја која ја повлекуваат потрошувачите во рудникот.Согласно издадената електроенергетска согланост од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, вкупната врвна моќ на целиот комплекс изнесува 1400kW. Ако го избереме најнеповолниот фактор на моќност cosφ=0.8, тогаш номиналната струја со која е оптоварен кабелот кој го поврзува постојниот воздушен вод со првата трафостаница изнесува:

$$I_{tr0.4} = \frac{Pn}{\sqrt{3} * Un * \cos\phi} = \frac{1400}{\sqrt{3} * 10 * 0,8} = 103.89A$$

Кабелот од типот NA2XS(F)2Y 1x150/25mm^2 согласно податоците од каталозите може да се оптовари со струја од 320A.

Кога условите на полагање на кабелот (каблите) се разликуваат од номиналните услови, тогаш е потребно табличната трајно дозволена струја на кабелот (ТДСО) , отчитана од соодветната табела, да се корегира на следниот начин:

$I_d = k_\theta \cdot k_P \cdot k_\rho \cdot I_{dT} = k_Z \cdot I_{dT}$ – за кабли положени во земја

Во табелата 1 се прикажни корекционите фактори k_θ на кои се уважува потребната

корекција на ТДСО на кабелот поставен во земја, кога температурата на амбиентот се разликува од номиналната (20°C).

Табелата 2 се однесува на кабли поставени земја и во неа се прикажни корекционите фактори k_P со помош на кои се уважува корекцијата на ТДСО заради начинот на полагање на каблите и нивниот број.

Во табелите 5 и 6 се прикажни зависностите на факторите k_A и k_B потребни за пресме- тување на корекциониот фактор k_ρ (релација 13) со помош на кој се уважува корекцијата на ТДСО на кабли положени во земја со специфична топлинска отпорност $\rho \neq 100\,^{o}\mathrm{C}\cdot\mathrm{cm/W}$.

Табела 1. Зависност на температурниот корекционен фактор k_θ од температурата на амбиентот за кабли положени во земја.

Температура на тлото (oC)		**5**	**10**	**15**	**20**	**25**	**30**	**35**
PVC и PE кабли, до 35 kV		1,15	1,10	1,05	1,00	0,94	0,88	0,82
XPE и EPDM кабли, до 35 kV		1,10	1,07	1,04	1,00	0,97	0,92	0,89
Изолација	Појасни до 10 kV и Н-кабли, до 20 kV	1,00	1,00	1,00	1,00	0,94	0,88	0,82
IP, NP	Н-кабли, 35 kV	1,00	1,00	1,00	1,00	0,93	0,87	0,79

Табела 2. Зависност на монтажниот корекционен фактор k_P од начинот на полагање на каблите и од бројот на паралелно положените кабли *n* кабли положени во земја.

Број на кабли во ист ров		**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**8**	**10**
Растојание d_m меѓу каблите и кабелските снопови (кабелските системи	допир	0,79	0,67	0,63	0,58	0,55	0,50	0,46
	7 cm	0,85	0,75	0,68	0,64	0,60	0,56	0,53
	15 cm	0,86	0,77	0,72	0,68	0,64	0,61	0,58
	25 cm	0,87	0,78	0,74	0,71	0,67	0,64	0,52

Кога специфичната топлинска отпорност на тлото се разликува од претпоставените $100^{o}\mathrm{C}\cdot\mathrm{cm/W}$, тогаш корекциониот фактор k_ρ со кој се уважува таа разлика, се пресметува со помош на долната релацијата при што вредностите на факторите k_A и k_B се добиваат со помош на табелите 3 и 4.

$$k_\rho = k_A \cdot k_B$$

Табела 3. Фактор k_A - зависност од пресекот на спроводниците

↓ [mm²];[°C·cm/W] →	70	100	120	150	200	250	300
до 25 mm²	1,11	1,00	0,94	0,87	0,78	0,72	0,67
35 - 95 mm²	1,13	1,00	0,93	0,86	0,76	0,70	0,64
120 - 240 mm²	1,14	1,00	0,93	0,85	0,76	0,69	0,63
300 - 500 mm²	1,15	1,00	0,92	0,85	0,75	0,68	0,63

Табела 4. Фактор k_B - зависност од U_n и типот на кабелот

Специфична топлинотпорност [°C·cm/W]	70	100	120	150	200	250	300
3 и 4-жилни кабли, 1	1,00	1,00	1,00	1,00	1,00	1,00	1,00
2-жилни, 1 kV,појасни ,6 и 10 кV	0,98	1,00	1,01	1,01	1,02	1,02	1,03
3-жилен Н-кабел до 10kV	0,97	1,00	1,01	1,02	1,03	1,04	1,05
3 едножилни кабли до 35kV	1,01	1,00	1,00	0,98	0,97	0,97	0,96

B.7 Пресметка на заземјувањето на разводната постројка

При појава на дефекти во средно напонските трафостаници на местото на грешката се јавуваат високи потенцијали кои се извезуваат во останатиот дел од мрежата како и во непосредна близина на разводните постројки кој може да достигнат вредност од неколку стотици волти. За да се избегнат или ублажат овие опасности разводните постројки ttеба да се заземјат со соодветни заземјувачи. Заземјувачите имаат задача струјата на грешка да ја одведат во земја и истовремено да ги елиминираат и минимизираат опасностите од превисоки потенцијални разлики на допир и чекор во нивната околина.

Заштитниот заземјувач е слоен заземјувач кој се состои од повеќе праволиниски елементи, кои формираат контури. Во ваков случај, за точно да се утврдат параметрите на заземјувачот, мора да се имаат предвид сопствените отпорности на сите праволиниски елементи, но и нивните меѓусебни отпорности. За решавање на ваков сложен заземјувач најдобар метод е потенцијалниот метод, каде потребните величини на заземјувачот се добиваат со решавање на матрични равенки. Равенките кои даваат врска меѓу напонот на заземјувачот и струите кои се одведуваат од него можат да се напишат во следната матрична форма:

$$[\mathbf{1}]_n \cdot U_Z = [r] \cdot [\boldsymbol{I}]. \tag{3.4}$$

Во матричната равенка (3.4) одделните величини го имаат следното значење:

U_Z – напон на заземјувачот према референтната земја;

$[\mathbf{1}]_n = [1 \quad 1 \quad \cdots \quad 1 \quad 1]^T$ –вектор, т.е. матрица колона со димензии [n×1] составен од единици;

$[r]$ - квадратна матрица со димензии $[n \times n]$ на сопствените и меѓусебните отпорности на елементите од заземјувачот;

$[\boldsymbol{I}] = [I_1 \quad I_2 \quad \cdots \quad I_{n-1} \quad I_n]^T$ – матрица колона со димензии [n×1] на струите кои што се одведуваат од елементите на заземјувачот во земјата.

Матрицата $[r]$ е симетрична бидејќи за секој нејзин вондијагонален елемент важи $r_{ij} = r_{ji}$.

Со низа упростувања го добиваме изразот:

$$R_Z = \frac{U_Z}{I_Z} = \frac{1}{[\mathbf{1}]_n^T \times [r]^{-1} \times [\mathbf{1}]_n}$$

Каде Uz е напон на заземјувачот, а Iz струјата што се одведува низ него.

B.8 Столбни листи

Електроенергетски вод 10(20)kV Волостоне – Главен вод
СТОЛБНА ЛИСТА – Градежен дел – 1

Број на зат. поле	Должина на зат. поле	Број на столб	Стацио-нажа	Кота на терен	Агол на траса	Хориз. распон	Тип на столб	Висина на столб до долна конзола	Носивост на тлото	Ископ	Бетон	Арма-тура	Заземјувач тип	Вкрстување со објекти	Забелешка
	(m)		(m)	(m)	(°)	(m)		(m)	(daN/cm^2)	(m^3)	(m^3)	(kg)			
		1	0,00	921,38	0,00		BH 2250-A360 13m	9,60	3,00	16,22	7,21	194,00	A		Кабелски вод 20 kV
1	169,36	2	114.12	840,96		114,12	BH 315-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		3	169.36	845,64	36,04	55,24	BH 1520-A360 12m	8,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		
2	176,87	4	254,19	853,24		84,83	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		5	346,23	858,75	39,81	92,04	BH 2250-A360 13m	9,60	3,00	16,22	7,21	194,00	A		Vz= 250 daN H.T. 0,5m
3	140,89	6	487,12	860,60	19,45	140,89	BH 1520-A360 13m	9,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		Надвишен темел 0,5m
4	153,70	7	566,00	865,33		78,88	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		8	640,82	869,71	39,97	74,82	BH 1520-A360 13m	9,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		
5	454,50	9	795,23	887,72		154,41	BH 315-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		10	945,25	918,50		150,02	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		11	986,70	931,82		41,45	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		12	1095,37	953,17	53,36	108,67	BH 2250-A360 13m	9,60	3,00	16,22	7,21	194,00	A		Vz= 300 daN
6	235,35	13	1217,60	959,19		122,23	BH 315-H 14m	10,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		14	1331,72	997,73	0,00	113,12	BH 2250-A360 12m	8,60	3,00	12,70	6,04	191,00	A		Vz= 400 daN
7	220,82	15	1470,00	1003,18		139,28	BH 315-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		Vz= 250 daN
		16	1551,54	996,49	42,36	81,54	BH 2250-A360 13m	9,60	3,00	16,22	7,21	194,00	A		
8	364,52	17	1715,93	1001,25		164,39	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		18	1839,97	1000,10		124,04	BH 315-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		19	1916,06	1003,96	36,72	76,09	BH 1520/Л-A360 12m	8,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		
9	394,68	20	1995,00	1000.06		78,94	BH 315/Л-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		21	2105,77	988,63		110,77	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		22	2240,64	981,84		134,87	BH 315-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		23	2310,74	983,84	20,02	70,10	BH 1520-A360 13m	9,60	3,00	16,22	7,21	194,00	A		

Електроенергетски вод 10(20)kV Волостоне – Главен вод
СТОЛБНА ЛИСТА – Градежен дел – 2

Број на зат. поле	Должина на зат. поле	Број на столб	Стацио-нажа	Кота на терен	Агол на траса	Хориз. распон	Тип на столб	Висина на столб до долна конзола	Носивост на тлото	Ископ	Бетон	Арма-тура	Вазем-јувач тип	Вкрстување со објекти	Забелешка
	(m)		(m)	(m)	(°)	(m)		(m)	(daN/cm²)	(m³)	(m³)	(kg)			
		23	2310,74	973,84	20,02		BH 1520-A360 13m	9,60	3,00	16,22	7,21	194,00	A		
		24	2391,18	982,64		80,44	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		Vz= 250 daN
10	379,04	25	2479,18	976,70		88,00	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		26	2592,58	966,51		113,40	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		27	5689,78	963,46	30,37	97,20	BH 1520-A360 13m	9,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		Надвишен темел 0,5m
11	319,32	28	2781,02	966,24		91,24	BH 315-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		Vz= 250 daN H.T. 0,5m
		29	2967,41	955,66		158,98	BH 315-H 13m	9,00	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		30	3009,10	957,67	32,27	69,10	BH 2250-A360 12m	8,10	3,00	12,70	6,04	191,00	A		С.К. 0,5m, Vz= 250 daN
12	304,96	31	3207,20	960,18		198,10	BH 315-H 13m	9,10	3,00	3.46	2.25	79.38	A		С.К. 0,5m, Vz= 250 daN
		32	3314,06	954,03	27,69	106,86	BH 2250-A360 13m	9,60	3,00	16,22	7,21	194,00	A		Надвишен темел 0,5m
13	135,41	33	3449,47	956,94	18,54	135,41	BH 1520-A360 13m	9,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		Надвишен темел 0,5m
14	143,79	34	3532,23	961,24		82,76	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		35	3593,26	955,93	21,00	61,03	BH 1520-A360 12m	8,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		
15	109,93	36	3703,19	953,71	56,91	109,93	BH 2250-A360 12m	8,60	3,00	12,70	6,04	191,00	A		
16	19,64	37	3722,83	953,26	0,00	19,64	BH 1050-A340 12m	8,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		Vz= 400 daN
17	244,30	38	3795,67	921,92		72,84	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		39	3886,51	895,17		90,84	BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
		40	3967,13	879,33	0,00	80,62	BH 2250-A360 12m	8,60	3,00	12,70	6,04	191,00	A		Кабелски вод 20 kV
									Вкупно ДВ Ст.бр. 1-40:	**306,28**	**158,63**	**5161,30**			

Електроенергетски вод 10(20)kV Волостоне – Отцеп
СТОЛБНА ЛИСТА – Градежен дел – 3

Број на зат. поле	Должина на зат. поле	Број на столб	Стацио-нажа	Кота на терен	Агол на траса	Хориз. распон	Тип на столб	Висина на столб до долна конзола	Носивост на тлото	Ископ	Бетон	Арма-тура	Заземјувач тип	Вкрстување со објекти	Забелешка
	(m)		(m)	(m)	(°)	(m)		(m)	(daN/cm^2)	(m^3)	(m^3)	(kg)			
		41	3797,26	956,23	0,00		BH 2250-A360 12m	8,60	3,00	12,70	6,04	191,00	A		Кабелски вод 20 kV
18	164.98					87,78									
		42	3885,04	957,66			BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
						77,20									
		43	3962,24	958,78	20,58		BH 1520-A360 12m	8,60	3,00	10,60	5,33	186,90	A		
19	277,54					45,91									
		44	4008,15	965,32			BH 315-H 13m	9,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		Vz= 250 daN
						72,52									
		45	4080,67	963,46			BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
						81,85									
		46	4162,52	962,69			BH 315-H 12m	8,60	3,00	3.46	2.25	79.38	A		
						77,26									
		47	4239,78	966,25	0,00		BH 2250-A360 12m	8,60	3,00	12,70	6,04	191,00	A		Кабелски вод 20 kV
									Вкупно ДВ Ст.бр. 41-47:	**49,84**	**26,41**	**886,20**			

СЕ ВКУПНО ДВ Ст.бр. 1-47:	**356,10**	**185,10**	**6047,70**

Електроенергетски вод 10(20)kV Волостоне – Главен вод
СТОЛБНА ЛИСТА – Електромонтажен дел - 1

Број на зат. поле	Број на столб	Стацио-нажа	Тип на столб	Тип на изолатор (верига)	Агол на траса	Карактеристични распони за столбови: Хориз. распон	Среден распон	Гравитационен распон: Лев	Десен	Вкупен	Карактеристични параметри на затезни полиња: Должина на зат. поле	Спровод.	Зашт. ј.	Напрегање: Спров.	З. ј.	Климатски услови: КНДТ	КИДТ	Притисок на ветар	Вкрстување со објекти
		(m)			(°)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m)			(daN/mm²)				(daN/m²)	
	1	0,00	BH 2250-A360 13m	--/DZ	0,00		57,06	0,00	6,94	6,94									
1	2	114.12	BH 315-H 13m	DNpot		114,12	84,68	107,19	-7,81	99,38	169,36			9,0		1,6	2,0	60,0	
	3	169.36	BH 1520-A360 12m	EZ/EZ	36,04	55,24	70,04	63,05	-11,51	51,54									
2	4	254,19	BH 315-H 12m	DNpot		84,83	88,44	96,33	3,81	100,14	176,87			9,0		1,6	2,0	60,0	
	5	346,23	BH 2250-A360 13m	DZ/EZ	39,81	92,04	116,47	88,23	62,84	151,07									
3	6	487,12	BH 1520-A360 13m	EZ/EZ	19,45	140,89	109,89	78,05	13,63	91,58	140,89			9,0		1,6	2,0	60,0	
4	7	566,00	BH 315-H 12m	ENpot		78,88	76,85	65,35	-1,90	63,45	153,70			9,0		1,6	2,0	60,0	
	8	640,82	BH 1520-A360 13m	EZ/EZ	39,97	74,82	114,62	76,72	8,54	85,26									
5	9	795,23	BH 315-H 13m	ENpot		154,41	152,22	145,87	-39,92	105,95	454,50	3 x 70-AL1/11-ST1A (3 x Al/Fe 70/12mm²)		9,0		1,6	2,0	60,0	
	10	945,25	BH 315-H 12m	ENpot		150,02	95,74	189,95	-165,34	24,61									
	11	986,70	BH 315-H 12m	DNpot		41,45	75,06	206,79	-63,15	143,64									
	12	1095,37	BH 2250-A360 13m	DZ/DZ	53,36	108,67	115,45	171,82	26,44	198,26									
6	13	1217,60	BH 315-H 14m	DNpot		122,23	117,68	95,79	-128,94	-33,15	235,35			9,0		1,6	2,0	60,0	
	14	1331,72	BH 2250-A360 12m	DZ/EZ	0,00	113,12	126,20	242,06	41,58	283,64									
7	15	1470,00	BH 315-H 13m	ENpot		139,28	110,41	97,70	86,86	184,56	220,82			9,0		1,6	2,0	60,0	
	16	1551,54	BH 2250-A360 13m	EZ/DZ	42,36	81,54	122,97	-5,31	69,65	64,34									
8	17	1715,93	BH 315-H 12m	DNpot		164,39	144,22	94,74	62,72	157,48	364,52			9,0		1,6	2,0	60,0	
	18	1839,97	BH 315-H 13m	DNpot		124,04	100,07	61,32	7,91	69,23									
	19	1916,06	BH 1520/Л-A360 12m	DZ/EZ	36,72	76,09	77,52	68,18	58,54	126,72									
9	20	1973,37	BH 315/Л-H 13m	ENpot		78,94	94,85	20,48	127,68	148,08	394,68			9,0		1,6	2,0	60,0	
	21	2105,77	BH 315-H 12m	ENpot		110,77	122,82	-16,91	92,29	75,38									
	22	2240,64	BH 315-H 13m	ENpot		134,87	102,49	42,58	95,35	137,93									
	23	2310,74	BH 1520-A360 13m	EZs/EZs		70,10	75,27	-25,25	-10,89	-36,14									

Електроенергетски вод 10(20)kV Волостоне – Главен вод
СТОЛБНА ЛИСТА – Електромонтажен дел – 2

Број на зат. поле	Број на столб	Стацио-нажа	Тип на столб	Тип на изолатор (верига)	Агол на траса	Карактеристични распони за столбови					Карактеристични параметри на затезни полиња								Вкрстување со објекти
						Хориз. распон	Среден распон	Гравитационен распон			Должина на зат. поле	Спровод.	Зашт. ј.	Напрегање		Климатски услови			
								Лев	Десен	Вкупен				Спров.	З. ј.	КНДТ	КИДТ	Притисок на ветар	
		(m)			(°)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m)			(daN/mm²)				(daN/m²)	
	23	2310,74	BH 1520-A360 13m	EZs/EZs	0,00		75,27	-25,25	-10,89	-36,14									
10	24	2391,18	BH 315-H 12m	ENpot		80,44	84,22	91,33	83,08	174,41	379,04	3 x 70-AL1/11-ST1A (3 x Al/Fe 70/12mm²)		9,0		1,6	2,0	60,0	
	25	2479,18	BH 315-H 12m	ENpot	36,04	88,00	100,70	4,92	108,73	113,65									
	26	2592,58	BH 315-H 12m	ENpot		113,40	105,30	4,67	62,60	67,27									
	27	5689,78	BH 1520-A360 13m	EZ//EZ	39,81	97,20	94,22	34,60	22,90	57,50									
11	28	2781,02	BH 315-H 13m	ENpot	19,45	91,24	138,82	68,34	129,48	197,72	319,32			9,0		1,6	2,0	60,0	
	29	2967,41	BH 315-H 13m	DNpot		158,98	114,04	56,91	9,59	66,50									
	30	3009,10	BH 2250-A360 12m	DZ/DZ	39,97	69,10	119,90	32,10	87,91	120,01									
12	31	3207,20	BH 315-H 13m	DNpot		198,10	152,48	110,19	80,25	190,44	304,96			9,0		1,6	2,0	60,0	
	32	3314,06	BH 2250-A360 13m	EZ/EZ		106,86	121,14	26,61	55,26	81,87									
13	33	3449,47	BH 1520-A360 13m	EZ/EZ		135,41	109,09	80,15	23,19	103,34	135,41			9,0		1,6	2,0	60,0	
14	34	3532,23	BH 315-H 12m	ENpot	53,36	82,76	71,90	59,57	83,74	143,31	143,79			9,0		1,6	2,0	60,0	
	35	3593,26	BH 1520-A360 12m	EZ/EZ		61,03	85,48	-22,71	66,66	43,95									
15	36	3703,19	BH 2250-A360 12m	EZ/DZ	0,00	109,93	64,79	43,27	20,66	63,93	109,93			9,0		1,6	2,0	60,0	
16	37	3722,83	BH 1050-A340 12m	DZ/EZ		19,64	46,24	-1,02	283,16	282,14	19,64			9,0		1,6	2,0	60,0	
17	38	3795,67	BH 315-H 12m	ENpot	42,36	72,84	81,84	-210,32	215,92	5,60	244,30			9,0		1,6	2,0	60,0	
	39	3886,51	BH 315-H 12m	ENpot		90,84	85,73	-125,08	156,23	31,15									
	40	3967,13	BH 2250-A360 12m	DZ/--		80,62	40,31	-75,80	0,00	-75,80									

Електроенергетски вод 10(20)kV Волостоне – Отцеп
СТОЛБНА ЛИСТА – Електромонтажен дел – 3

Број на зат. поле	Број на столб	Стацио-нажа	Тип на столб	Тип на изолатор (верига)	Агол на траса	Карактеристични распони за столбови					Карактеристични параметри на затезни полиња								Вкрстување со објекти
						Хориз. распон	Среден распон	Гравитационен распон			Должина на зат. поле	Спровод.	Зашт. ј.	Напрегање		Климатски услови			
								Лев	Десен	Вкупен				Спров.	З. ј.	КНДТ	КИДТ	Притисок на ветар	
		(m)			(°)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m)	(m)			(daN/mm²)				(daN/m²)	
	41	3797,26	BH 2250-A360 12m	--/EZ	0,00		43,89	0,00	32,48	32,48									
18	42	3885,04	BH 315-H 12m	ENpot		87,78	82,49	55,30	32,45	87,75	164.98	3 x 70-AL1/11-ST1A (3 x Al/Fe 70/12mm²)		9,0		1,6	2,0	60,0	
	43	3962,24	BH 1520-A360 12m	EZ/EZ	20,58	77,20	61,56	44,75	-75,92	-31,17									
19	44	4008,15	BH 315-H 13m	ENpot		45,91	59,22	121,83	59,10	180,93	277,54			9,0		1,6	2,0	60,0	
	45	4080,67	BH 315-H 12m	ENpot		72,52	77,19	13,43	46,37	59,80									
	46	4162,52	BH 315-H 12m	ENpot		81,85	79,56	35,48	14,20	49,68									
	47	4239,78	BH 2250-A360 12m	EZ/--	0,00	77,26	38,63	63,06	0,00	63,06									

B.9 Методологија за изведба на работите

B.9.1 Подготвителни работи на градилиште

Организацијата за изградбата на водот треба да се изврши на начин што најпрво ќе се воспостави т.н. "база". Оваа локација треба да биде на соодветно место, асоцирајќи на полесен транспорт на потребните материјали и опрема и на близината на надземниот вод. Всушност, местото претставува главна база која се користи за испорака на алатки, материјали, опрема, персонал и сл, како и за дистрибуција на сите овие предмети на одредени места, на пример, на локации на столбните места..

На вака формираното место не се изведуваат никакви градежни работи поврзани со изградбата на водот, бидејќи овој терен се предвидува да се прилагоди за потребите на персоналот и да се обезбеди поефективна изведба на работите. (освем минимални подготовки и можни мали градежни интервенции) . Ова вклучува: поставувања на контејнери за лицата кои престојуваат, планирање на теренот за складирање на материјалите и опремата, за паркирање на возилата, пристапи кон локалната мрежа и др. Градежните работи се состојат од копање, бетонски работи, монтажа на објекти итн.

Сите овие споменати активноси ќе зависат од локациите на столбовите, т.е. тие се зависни од распоредот на столбовите по должината на трасата. Тоа значи, дека тие треба да се изведуваат на соодветен број локации по должината на трасата. Осврнувајќи се на споменатото, далекуводот е структура која е составена од низа од сегменти каде што секоја микро локација е специфична за себе, поради различните услови на теренот и различни технички решенија.

B.9.2 Обележување на столбните места

Пред почетокот на изградбата на водот, изведувачот е должен да го обележи столбните места. Обележ=увањето за секој столб се изведува со пет маркери (дрвени колчиња): еден централен маркер обоен со боја и четири помошни маркери на растојание од ≈ 4 m од централниот маркер. Во овој случај централниот маркер е, всушност, постоечкиот столб. Методот на поставување на маркери за носивите и аголна затезнитет е даден во цртеж бр. **22**.

При обележувањето, треба да се користи геодетски метод. Со означувањето треба истовремено да изврши и геодетска контрола на карактеристичните точки на надолжниот профил на водот.

Обврска на изведувачот е веднаш да го извести *Надзорот*, ако:

- ✓ постои несовпаѓање помеѓу топографијата прикажана на профилите и вистинската на лице место
- ✓ ако се најдат грешки, на пример, кога позицијата на столбот е физички на една позиција а во профилот на разлицна позиција.
- ✓ се појават нови градби откако изработката на профилите е завршена, како што се патишта, телефонски линии или далноводи итн.
- ✓ ако *Изведувачот* според негово мислење, наоѓа дека проектираниот тип на столб, не соодејствува на аголот на скршнување на трасата

Пред започнувањето на ископувањето, позицијата на темелот се означува на теренот. Граничните линии се означуваат со вар или спреј боја.

B.9.3 Чистење на трасата на надземниот вод

Со цел да се обезбеди непречено градење, работење и одржување на надземниот вод, неопходно е да се исчисти вегетативната зона под линијата.

Чистењето на грмушките и дрвјата долж трасата на далноводот треба да се врши во форма на шумски појас така што минималните безбедносни растојанија (минимум 3,0 m, земајќи го предвид годишниот прираст) на максималното отклонетите проводници под влијание на ветерот бидат во согласност со прикажаните во цртеж бр. **23.**

B.9.4 Изградба на нови темели

Темелите на столбовите се дел од далноводот преку кои силите се пренесуваат од столбот во околното тло. Темелите се дизајнирани така за да можат да издржат сили на искорнување, компресија, попречни и надолжни товари на свиткување што се појавуват на столбот како што е предвидено со дизајнот на столбот. Темелите треба да бидат доволно стабилни за да се спречи секое померување на столбот под максимални услови на оптоварување. Статичен проект за темелење на столбовите доставува производителот на столбовите АД Карпош Скопје и истиот е одобрен од страна на локалниот Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија.

Сите локации на столбните места каде ќе се изведуваат градежни работи треба да бидат проверени во однос на подземни инсталации како што се кабли, водовод и сл. како дел од нормална проверка пред изградбата.

Темелните јами треба да бидат ископани со помош на ископуван на тркала или гусеничар.

За време на ископувањето на темелните јами, потребно е да се обрне внимание на тоа дека нивните димензии треба да се во согласност со податоците и димензиите прикажани на цртежите бр**. 36** и бр.**37**.

Длабочината на ископувањето на јамата мора да се мери од најниската страна на јамата од површината на земјата и да се проверува од надзорниот орган. Секоја вода која ќе се појави во ископувањата се испумпува пред да се бетонира основата.

Пред да се истури бетонот во основата на јамата, армираниот кафез треба да се монтира и истиот со помош на мал кран да се инсталира во јамата. Армираниот кафез треба да се направи и да се постави во јамата во согласност со дадените димензии на цртежите бр.37. Сите арматури треба да бидат поддржани и прицврстени пред да се стави бетон со цел да се обезбедат од поместување надвор од рамките на дозволени толеранции.

Арматурното железо треба да биде во согласност со спецификациите дадени проектот и во согласност со гореспоменатите цртежи. Арматурата треба биде исечена и свиткана во согласност со одобрените арматурни планови.

Арматурата добиена од добавувачот треба да биде проверена. Сите неисправни прачки ќе бидат поправени или заменети од добавувачот. Складирањето на арматурата треба да биде на земја на која е поставена подлога, користејќи дрвени греди или песок. Арматурата ќе биде покриена со темен материјал кој не пропушта светлина за да се спречи рѓосување.

Арматурната конструкција треба да се провери пред бетонирањето, со цел да се осигура дека површината на арматурата нема да има кал, масло, маст или било која друга супстанција која хемиски ќе влијае негативно на челикот или бетонот или ќе ја намали врската. Исто така, треба да се провери дали е поставена во целосна согласност со барањата за горенаведените цртежи.

За бетонирање на горниот дел од темелот или вратот на темелот потребно е да се постават оплати. Се предлага да се користат дрвени оплати за сите работи. Оплатата треба да биде така дизајнирана да ги исполнува следниве барања:

- ✓ Структурните димензии наведени во цртежи бр. **36** и бр.**37**
- ✓ Стабилност на оплатата (и вертикално и странично) во почетната положба за време или по бетонирање.
- ✓ Оплатата треба да овозможи правилно поставување и вибрации на бетонот.

- ✓ Оплатата треба да бида цврста за да се спречи губење на цемент.
- ✓ Оплатата ќе издржи притисок на свеж бетон како и мртви и живи товари.

Панелите треба да бидат прицврстени со дрвени греди фиксирани долж нивната должина и ширина. Челични клинци може да се користат за држење на панелите заедно, ако висината на оплатата е повеќе од 1,5 м. Пред бетонирање, оплатата треба да се исчисти и да се отстрани било каков стран материјал.

Миксерот што превозува бетон треба да се донесе што е можно поблиску до темелната јама за да може бетонот директно да се внесе во неа. Во случај да тоа да не е можно, бетонот треба да се транспортира во дампери. Доколку земјиштето е многу растресито треба да се користи гусеничен дампер.

Бетонот ќе биде депониран континуирано или во слоеви. Бетон, кој е делумно стврднат, нема да се депонира. По поставувањето, бетонот ќе се консолидира со употреба на механички или електрични вибратори, кои ќе бидат управувани од компетентни работници. Употребата на вибратори за внес на бетонот внатре во оплатите нема да биде дозволена, освен ако не е обезбедена адекватна заштита,.Бетонот нема да биде поставен во дождливо време.

Температурата на бетонот во моментот на поставување не смее да надминува повеќе од 30 ° С. За време на топло време, температурата ќе се намали со засенување на работното место или со воден млаз, а дополнителната екипа треба да биде биде ангажирана за да се забрза завршната обработка на бетонот итн. Понокогаш, треба се даде предност за ноќно бетонирање на темелните јами.

Веднаш по поставувањето, бетонот треба да биде заштитен од предвремено сушење и прекумерно високи температури и треба да се одржува со минимална загуба на влага при релативно константна температура за период потребен за хидратација на цементот и зацврстување на бетонот. Одржувањето на бетонот ќе се врши со една од следните постапкиs:

- ✓ Истурање или континуирано прскање на вода.
- ✓ Примена на песок кој постојано се влажни.
- ✓ Примена на водонепропустлив материјал кој е предмет на одобрување од страна на надзорниот орган.

- ✓ Примена на стврднувачко соединение кое е предмет на одобрување од страна на надзорниот орган.

Горните површини на бетонот треба да бидат обликувани во рамките на почетното време на поставување на бетонот. Веднаш по завршувањето на обликувањето треба да бидат покриени со бели полиетиленски фолии што треба да бидат во контакт со бетонски површини за да се избегне испарување на содржината на влага од свежиот бетон.

Темелните јами се пополнуваат со ископаниот материјал. Истиот се поставува и се набива во слоеви. Сите димензии се проверуваат по процесот на затворање. Ако ископаниот материјал се смета за несоодветен за полнење, се употребува друг донесен материјал. Екипата која работела на пополнување пред напуштање на теренот е должна, да ги отстрани сите вишоци на материјали од местото, вклучувајќи ја и неискористената ископана земја.

Откако ќе се заврши темелната јама (обично по седум дена), таа е подготвена да го прими столбот, кој вообичаено е поставен близу до јамата, подготвен да биде подигнат и фиксиран.

Безбедноста на персоналот и материјалите е висок приоритет за инвеститорот. Сите безбедносни мерки мора да бидат запазени во текот на целата работа. Деталните безбедносни мерки за секоја работа ќе бидат елаборирани во Елаборатот за безбедност и здравје при работа, поднесен од изведувачот пред почетокот на работите.

Отворените ископувања за темелите, кога се оставени без надзор, треба да бидат оградени од сите страни со континуирана ограда.

За извршување на горенаведената работа, потребна е следната опрема:

- ✓ Камион миксер
- ✓ Вибратор за бетон
- ✓ Водна пумпа
- ✓ Дампер на тркала или гусеничар (од 6 до 8 тони)
- ✓ Багер на тркала или гусеничар
- ✓ Теренски мобилен кран
- ✓ Синџири и други мали алатки
- ✓ Мистрија

- ✓ Метални калапи - коцки
- ✓ Лопата

B.9.5 Монтирање на нови столбови

Подигањето на столбовите се врши според упатствата на производителот. Пред подигнување, столбот мора да биде опремен со сите елементи (сврзувачки елементи, конзоли, итн.). Ако конзолата и врзувачките елементи се дизајнирани за монтирање без процеп (меѓупростор), тогаш склопувањето се прави директно со обвивката на телото на столбот. (врска бетон со бетон). Ако конзолата и врзувачките елементи се дизајнирани за склопување со процеп (меѓупростор), тогаш склопот се прави со пополнување на меѓупросторот со цементен малтер, при што елементите претходно биле фиксирани со челични влошки. Влошките се поставуваат на места каде што нема да предизвикаат евентуално оштетување на конзолата и елементот за врзување (види слика 7.5.1 подолу).

Подигнувањето на столбовите треба да се направи 7 (седум) дена по бетонирањето на темелите, а монтажата на проводниците треба да се направи по 14 (четиринаесет) дена од денот на бетонирање на темелите. За време на монтажата и подигнувањето, столбовите и нивните делови не треба да бидат изложени на недозволени товари. Се препорачува монтажата и подигнувањето на бетонските елементи да се изведат со соодветен кран.

Столбовите се распоредени близу до темелните јами, а операторот на кранот го подига столбот се додека столбот не е во речиси вертикална положба. Столбот се вметнува во отворот на темелната јама поддржан од кранот при што отворот рачно се полни со бетон до максимална длабочина од 1.0m за да се обезбеди привремена стабилност, пред да се вметнат дрвени влошки. Ова е потребно за да се овозможи вметнување на правоаголни дрвени влошки помеѓу темелот и телото на столбот кои додаваат дополнителна стабилност. Кога столбот е добро поставен и фиксиран, треба да се стави дополнителен бетон во отворот за да се пополни до врвот. (види Слика 7.5.2 подолу) .

Изведувачите мора во секое време да обезбедат дека целата опрема за подигнување која се користи за обезбедување на услуги е во согласност со законските прописи, вклучувајќи ги и релевантните локални стандарди и дека валидни сертификати се достапни за сета опрема за подигнување. Лицата кои се одговорни за поставување на каишите за подигање и избирање на соодветен прибор треба да се квалификувани и имаат соодветна лиценца.

Изведувачот мора во секое време да обезбеди дека работните подигачки платформи што се користат за монтерските работи се во согласност со законите и локалните стандарди и на нив се извршени соодветни контроли и имаат безбедносни упатства за да се осигури дека операторот на земјата може во итен случај да ја премести платформата одалечувајќи ја од надземните спроводници и да ја спушти платформата на земја користејќи го резервнио батериски систем. Платформата треба јасно да се означи со податок за носивост.

За извршување на горенаведената работа, потребна е следната опрема:

- ✓ 4x4 возило
- ✓ теренски мобилен кран
- ✓ Трактор и приколка
- ✓ Синџири и други мали алатки



Слика 7.5.1



Слика 7.5.2

B.9.6 Изведување на електромонтерски работи

После монтирањето на столбовите може да се започне со монтажа на носиво-затезната опрема со изолаторите, кои треба да се проверат пред од можни механички оштетувања, а изолацијата треба да се исчисти од акумулираните нечистотии и прашина.

Механичкио дизајн на изолаторските ланци е даден во овој проект. (цртеж бр. **19** и бр.**20**), согласно **Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови.** Изолаторските ланци се прикачуваат на стремените со помош на знаме со штраф. На овој начин се овозможува движење на изолаторските ланци во надолжна и попречна насока. Сетот од целиот изолаторски ланец ќе биде прикачен на стремен од типот V2, кој треба да се монтира на централниот дел од конзолата на столбот и типот К2 којтреба да се монтира на крајниот дел од конзолата на пол (цртеж бр. **15**).

Носачите за потпорните изолатори се користат за фиксирање на изолаторите на бетонските столбови и истите мора да ги исполнуваат горенаведените спецификации.

Проводникот треба да биде фиксиран на потпорните изолатори со монтажните спирали. Начинот на монтажа на спиралите е прикажан во цртеж бр. **18**.

Спроводниците кои треба претходно да бидат проверени, треба да бидат транспортирани на планираните локации во близина на затезните столбови.. На истите места треба да се транспортира и машината за развлекување и монтажа на проводниците, заедно со други алатки и опрема. Пред да се започне развлекувањето на спроводниците, треба да се

анкерисаат затезните столбови со соодветни сајли. По монтажата и затегнувањето на спроводниците, овие анкери треба да се демонтираат.

Развлекувањето на спроводниците не треба да се врши директно, туку со користење на т.н. "влечна жица", која претходно се провлекува низ поставените котурачи.

Спроводникот треба да биде внимателно развлечен по целиот дел. Прилагодување на силата на влечење мора да се врши на начин да се избегне спроводникот да ја допира земјата или блиските објекти. На местата каде што водот преминува преку сообраќајни патишта, треба да се постават луќе кои ќе го обебедуваат преминот.

За време на развлекуање на спроводникот потребно е да се контролира силата, должината на спроводникот и брзината на развлекување. Откако спроводниците ќе се развлечат, неопходно е да се избере соодветна сила на затегнатост, која се наоѓа во табелите за монтирање. (точка **B.4.4**).

При дефинирањето на потребнато затегање, односно дефинирање на провесите, мора да се земат предвид сите веројатни истегнувања на проводникот, бидејќи во текот на времето тие предизвикуваат намалување на напрегањето и зголемувањето на провесите. За да се компензира горенаведениот ефект, при монтажа потребно е да се напрегне проводникот со поголема сила од предвиденото за време на монтажата, односно да се земаат вредности на напрегања од монтажните табели кои се пониски од пресметаните. Во пракса, вообичаено е корекцијата на температурата за време на монтажата на проводникот да изнесува 10 ° C, што значи дека треба да се земе вредноста на провес од монтажната табела за температура помала од 10 ° C од стварната температура , како што следува:

Амбиентна температура (°C)	0	10	20	30	40
Температура според која треба да се постави провес (°C)	-10	0	10	20	30

Монтажните табели ги даваат неопходните податоци за монтажа на спроводникот. Податоците во монтажните табели се пресметани за различни температури во интервал од -20 ° C до + 40 ° C. Исто така, монтажните табели даваат податоци за секој распон во набљудуваниот дел, вклучувајќи ги и податоците за разликите во висината помеѓу две точки на овесување.

Прилагодувањето на провесот на спроводникот во секој распон се изведува со помош на мерна летва. Откако ќе се изврши прилагодување на провесите,

неопходно е да се остават проводниците најмалку 24 часа, пред да се постават во затезните клеми.

B.9.7 Монтирање на предупредувачки знаци и ознаки на водот

Ознакте на столбовите и предупредувачките таблички за опасност треба бидат поставени на долниот дел на сите столбови. Овие плочки, исто така, го содржат името на далекуводот. Тие треба да бидат поставени на висина од 2,5 m над нивото на земјата, на страната што е најпристапна. Цртежите на ознаките за предупредување и означување на столбовите се содржани во цртеж бр.**21**.

B.9.8 Заземјување на столбовите

Сите нови столбови треба да имаат соодветен систем за заземјување, согласно **Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови**.. Системот за заземјување на столбовите треба да биде така дизајниран што ќе ја гарантира безбедноста на луѓето и заштитата на далекуводот, колку што е тоа можно.

Дизајнот на системот за заземјување на столбовите е изведувен согласно **Правилникот за изградба на надземни електроенергетски водови**. Дизајнот на системот за заземјување е даден во цртеж бр. **30**. За време на дизајнирањето се дефинирани димензиите и видот на системот за заземјување.

Системот за заземјување на новите столбови е дефиниран како што следува:

Систем за заземјување - двоен прстен (тип Б), кој е составен од два прстени (јамки) поставени околу основата на столбот. Еден прстен (горен) ќе биде поставен на хоризонтално растојание од 1 m од основата на челичната основа, во длабочина од 0,7 m под нивото на земјата, а другиот прстен ќе биде поставен на хоризонтално растојание од 1 m од првиот прстен, во длабочина од 1 m под нивото на земјата. Овие два прстени ќе бидат галвански поврзани меѓу себе, а горниот прстен ќе биде галвански поврзан со бетонскиот столб. Сите приклучоци во земјата треба да се заштитат со битумен, а приклучоците на системот за заземјување на столбовите мора да бидат заштитени од корозија

B.9.9 Полагање на кабел

Нормална длабочина на ровот во кој се полага кабелот изнесува:

- 1,1 m за кабли 35 kV
- 0,7 – 0.8 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV.

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови на полагање.

Доколку кабелот се полага на помали длабочини поради разни препреки или други инсталации, потребно е да се предвиди дополнителна заштита од механички оштетувања и примена на заштитни цевки, бетонски заштитници и сл.

Кабелот се полага во средина на слој од ситен песок и шљунак кој е со дебелина 0,2m на дното на кабелскиот ров. За набивање на овој слој треба да се користат исклучително рачно набивачи.

Кабелскиот ров се копа како отворен ров. Само во случај на вкрстување на кабелот со железничка пруга, со пат или улица каде не смее да се прекинува сообраќајот се врши машинско дупчење на отвор за цевка низ која се провлекува кабелот. Дупчењето мора да се врши многу внимателно, да не дојде до оштетување на други инсталации.

Ископаниот кабелски ров мора да биди видливо обележан, поради сигурност на пешаци и возила. Влезовите на куќи и деловни простории треба да имаат соодветни премостувања.

Затрупувањто на кабелскиот ров се врши со земја од откопот или со новодонесена земја во слоеви од по 0,3 m. Слоевите од земја над слојот од песок се набиваат со механички набивачи.

При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот вдолж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента:

- При полагање на кабел на регулирани површини се поставува единечна предупредувачка лента на 0,4 m над кабелот
- При полагање на кабелот на нерегулирани површини се поставуваат две предупредувачки ленти од кои првата е на 0,3 m, а втората на 0,5 m над кабелот
- ако во исти ров се полагаат повеќе кабли, тогаш бројот на предупредувачки ленти на нивното меѓусебно растојание треба да бидат така одбрани да сите кабли бидат "покриени" со предупредувачки ленти

Пластичната предупредувачка лента е со црвена боја со втисната напис за внимание, ширината на траката треба да биде околу 10 cm, а квалитетот на материјалот треба да гарантира век на траење од околу 30 години.

